# СОДРЖИНА


*ДИЛЕМА*

- ***Даночен третман на трошоците за превоз и сместување на невработени лица за дели на дејност......................................................5***

*ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ*

- ***Извршување на практикантска работа, практична обука и настава на ученици и студенти и волонтерска работа..................................23***

*ЗАКОН ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА*

- ***Рокови за ревизија и одржување на годишно собрание на акционерите, односно собир на содружници кај ДОО и АД..............55***

*ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА*

- ***Преобразба на друштво од една во друга форма на друштвото.................................................................................................68***

*ТЕКОВНИ ИНФОРМАЦИИ*

- ***Плати за месец Август 2020 година..................................................................................................................78***
- ***Коефициент на МДБ за Јули 2020 година..................................................................................................................97***
- ***Коефициенти на пораст на цените за месец Јули 2020 година...........................................................98***
- ***Цени на гориво..........................................................................................100***
- ***Казнена законска камата.........................................................................105***
- ***Курсни листи ..............................................................................................107***
- ***Рокови..........................................................................................................112***

***ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ .......................................................................114***

# ДИЛЕМА

*дипл. економист: Ромео Костадинов*

## *ДАНОЧЕН ТРЕТМАН НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПРЕВОЗ И СМЕСТУВАЊЕ НА НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА ЗА ЦЕЛИ НА ДЕЈНОСТА*

***Трошоците направени за сместување и престој на невработени лица, се оданочуваат од 01.01.2020 со данок на добивка и данок на личен доход, во износи и според критериуми различни од претходните години.***

### *ВОВЕД*

Со Законот за данокот на добивка (“Службен весник на РМ” 112/14...275/19) и Правилникот за начинот на пресметување и уплатување на данокот на добивка и начинот на одбегнување на двојното ослободување или двојното оданочување (“Службен весник на РМ” 174/14...31/17 и на “РСМ” 6/20), се определува начинот на оданочување на добивката, односно пресметување и плаќање на данокот на добивка.

Одредбите од Законот за данокот на личен доход (“Службен весник на РМ” 241/18 и на “РСМ” 275/19), го одредуваат оданочувањето со данок на личен доход за доходот остварен на територија на Македонија.

Обврзник на данокот на добивка е секое правно лице резидент на РС Македонија, кој остварува добивка од вршење на дејност во земјата и странство. Резидент, е субјектот кој е основан или има седиште на територијата на РС Македонија.

Обврзник на данокот на добивка е и постојана деловна единица на странско лице за добивката што ја остварува од вршење на дејност на територијата на РС Македонија, доколку се исполнети условите за престој односно времено присуство.

## *1. ДАНОЧНА ОСНОВА ЗА ДАНОК НА ДОБИВКА*

Согласно одредбите од член 7 од Законот, основа за пресметување на данокот од добивка е добивката која се утврдува во даночниот биланс.

Основата за пресметување на данокот, се утврдува од разлика меѓу вкупните приходи и расходи на даночниот обврзник, во износи утврдени со прописите за сметководство и сметководствени стандарди.

Основата согласно одредбите од член 8 од Законот, се зголемува за непризнаените расходи и помалку искажаните приходи за даночни цели.

Со одредбите од Правилникот за сметководство (“Службен весник на РМ” 159/09...107/11), донесен врз основа на одредбите од член 469 став 5 од Законот за трговски друштва (“Службен весник на РМ” 28/04... 239/18), се определува водењето на сметководството.

Врз основа на одредбите од член 1 од Правилникот за водење на сметководство, сметководството во Македонија се води во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување, кои се применуваат за средните и големите субјекти.

Микро и малите субјекти го применуваат меѓународниот стандард за мали и средни субјекти, кој исто така е составен дел на Правилникот за водење на сметководството во Македонија.

На прв поглед се чини дека во примена се различни стандарди за вреднување и евидентирање на деловните промени во сметководството, но станува збор за идентични критериуми.

Стандардизираниот пристап на идентични критериуми за процена на сметководствените категории, ги изедначува субјектите во поглед на утврдувањето на финансискиот резултат, кој претставува основа за утврдување на данокот на добивка.

Законот за данокот на добивка, за цели на даночната основа, применува дополнителни корекции над расходите и приходите, со цел оданочување според критериуми на признавање – прифатливи според законот, трошоци за вршење на дејност.

## 2. *ДАНОЧНО НЕПРИЗНАЕНИ РАСХОДИ*

Основа за пресметување на данокот од добивка, претставува добивката која се утврдува во даночниот биланс, корегирана за даночно непризантите расходи и помалку утврдените приходи.

Согласно член 9 од законот, **непризнаени расходи** за даночни цели, се сметаат:

1. расходите кои не се поврзани со вршење на дејност на субјектот, односно не се непосреден услов за извршување на таа дејност и не се последица од вршењето на таа дејност;

2. надоместоците на трошоци и други лични примања од работен однос, освен утврдените со оваа точка, во износи кои не го надминуваат:

- најнискиот износ на дневници за службени патувања, теренски додаток или одвоен живот утврден со ОКДПСОС и прописите за органите на државната управа, при што исплатите по овој основ меѓусебно се исклучуваат,

- износот на помош во случај на смрт на вработениот и на член на неговото семејство, утврден со ОКДПСОС и прописите за органите на државната управа,

- најнискиот износ на помош за претрпени штети од елементарни непогоди, утврден со ОКДПСОС,

- најнискиот износ на отпремнина, која се дава при заминување во пензија, утврден со ОКДПСОС и прописите за органите на државната управа,

- износот на еднократен надоместок - испратнина заради трајно работно ангажирање на работниците, при откажување на договорот за вработување од деловни причини (технолошки, економски, организациони и слични промени) утврден со закон,

- износот на регрес за годишен одмор во висина од 40% од просечната месечна бруто плата по работник во Република Македонија, објавена до денот на исплатата,

- износот на јубилејни награди за најмалку десет години работа, кај ист работодавач, во висина на просечна месечна плата по работник во Македонија, исплатена во последните три месеци, објавена од Државниот завод за статистика,

- износот на надоместоци на трошоци за користење на сопствено возило на вработениот за потребите на работодавачот, во висина од 30% од исплатениот износ, но најмногу до 60.000 денари на годишно ниво,

- износот на надоместокот заради непрекинато боледување подолго од шест месеци предизвикано со повреда на работа или професионално заболување во висина на просечната месечна плата по работник во РМ исплатена во последните три месеци и објавена од ДЗС и

- износот на надоместокот при селидби на вработените за потребите на работодавачот во висина на стварните трошоци направени за превоз на покуќнината и на семејството;

3. трошоците за организирана исхрана и превоз во јавниот сообраќај на вработените, над законските износи;

3-а**) надоместоци на трошоци за хотелско сместување (категорија повисока од четири ѕвездички) во износ над 6.000 денари дневно по лице и надоместоци на трошоци за превоз на лица кои не се вработени кај исплатувачот, а се ангажирани во функција на дејноста на исплатувачот (во земјата и во странство),** доколку истите не се документирани;

3-б) надоместокот на трошоци за исхрана на вработените кои работат ноќно време, над износите утврдени со Законот за работните односи;

4. трошоците по основ на месечните надоместоци на членовите на органите на управување над 50% од просечната месечна бруто плата исплатена во претходната година во РМ, при што како надоместоци на членови на органите на управување се сметаат месечниот надоместок, односно паушал, надоместоците за патни и дневни трошоци;

5. трошоците по основ на уплатени доброволни придонеси во доброволен пензиски фонд над износот од две просечни месечни бруто плати, исплатени во претходната година во РМ, на годишно ниво по вработен;

5-а) трошоци по основ на уплатени премии за осигурување на живот над износот од две просечни месечни бруто плати, исплатени во претходната година во Република Македонија, на годишно ниво по вработен;

6. надоместоците за лицата волонтери според членот 10 став (2) од Законот за волонтерство и за лицата ангажирани за вршење на јавни работи согласно со членот 85 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност исплатени над износите утврдени со закон;

7. скриените исплати на добивки како: давање на одредени производи и услуги на содружниците или акционерите или на нив поврзани лица по цена пониска од пазарната, вклучувајќи ја и пониската камата на одобрените заеми; плаќање за добиените производи и услуги од содружниците или акционерите или на нив поврзани лица, по цени повисоки од пазарните и овозможување на стекнување на добивки на содружниците или акционерите или на нив поврзани лица;

7-а) кусоци кои не се предизвикани од вонредни настани (кражба, пожар или други природни непогоди), кои не се на трошок на платата на одговорното лице

8. трошоците за репрезентација во висина од 90%;

9. трошоците за донации, во согласност со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, над 5% од вкупниот приход остварен во годината;

10. трошоците за спонзорства направени во согласност со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, над 3% од вкупниот приход остварен во годината;

10-а) трошоците за донации во спортот согласно со членот 30-а од законот за данок на добивка;

11. трошоци по основ на камата по кредити кои не се користат за вршење на дејноста на обврзникот како и износот на каматите по кредити за набавка на патнички автомобили, мебел, теписи, уметнички дела од ликовната и применетата уметност и украсни предмети;

12. осигурителни премии, во корист на членовите на органите на управување и на вработените, доколку истите не се одбиваат од плата, освен личното колективно осигурување на работниците за повреди на работа;

13. даноците по задршка (одбивка), исплатени во име на трети лица на товар на трошоците на даночниот обврзник;

14. паричните и даночните казни, пеналите и казнените камати за ненавремена уплата на јавните давачки и на трошоците за присилна наплата;

15. стипендии, освен стипендиите доделени на начин и под услови утврдени со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности кои се оданочуваат според одредбите од точката 10) на овој член, во кои не спаѓаат трошоците за обука и специјализација на вработените заради остварувањето на дејноста на даночниот обврзник, под услов истите да продолжат со работа кај истиот работодавач, во временски период утврден со договор, кој не е пократок од три години сметано од годината на стекнувањето со соодветните знаења;

16. трошоците на кало, растур, крш и расипување над нормираните износи, утврдени за соодветната гранка, под услов истите да не се настанати како резултат на вонреден настан или виша сила;

17. трајниот отпис на ненаплатените побарувања, освен трајниот отпис на ненаплатените побарувања по основ на придонеси од задолжително социјално осигурување;

18. трошоците за нето износот на примањата по основ на деловна успешност над износот на кој се пресметани придонеси согласно со закон;

19. надоместок за практикантска работа над износите пропишани согласно со Законот за практиканство и

20. надоместок за практична обука на ученици и практична настава на студенти во висина над 8.000 денари месечно (член 9 став 1 точка 20);

21. трошоците за амортизација на материјалните и нематеријалните средства над износот пресметан на набавната вредност на средствата со примена на стапките од Номенклатурата на средствата за амортизација (член 9-а став 2);

22. сегашна вредност на средствата кои не можат понатаму да се користат, предвремено амортизирана во целина, за која не е издадена согласност од УЈП, по поднесено писмено барање најдоцна до 31 јануари во годината која следува по годината за која барањето се поднесува (член 9-а став 5);

23. трошоците за исправка на вредноста на ненаплатените побарувања, освен исправките на вредноста кај банките,

штедилниците и осигурителните друштва на начин утврден со закон, како и ненаплатените побарувања по основ на придонеси од задолжително социјално осигурување и исправките за побарувањата од субјектите над кои е отворена постапка на стечај и на ликвидација, доколку истите се пријавени и потврдени од страна на стечајниот управник (член 10);

24. ненаплатените побарувања, кои произлегуваат од дадени заеми на физички лица, доколку не се вратени во истата година во која е извршен трансферот на заемот (член 11);

25. позитивната разлика меѓу цената на извршената деловна / финансиска трансакција меѓу поврзани лица (член 12);

26. делот од камати по заемите кои се добиени од поврзано лице, кој го надминува износот кој би се остварил доколку се работи за неповрзани лица (член 13);

27. износот на затезните камати кои произлегуваат од односите со поврзано лице (член 14);

28. износот на каматите на заемите од содружниците или акционерите - нерезиденти со најмалку од 20% учество во капиталот на друштвото, кои за повеќе од три пати го надминуваат износот на уделот на тој содружник или акционер (член 15).

## *3. ТРОШОЦИ ЗА ХОТЕЛСКО СМЕСТУВАЊЕ И ПРЕВОЗ*

Надоместоците на трошоците за хотелското сместување и надоместоци на трошоци за превоз на лица, се распоредени од аспект на даночно непризнати расходи, во две категории на трошоци, со различен праг на признавање како даночен расход.

Притоа ограничувањето како горен праг е поставено за трошоците за хотелско сместување на невработените, додека за превозот на невработените лица, не постои горна граница.

**Првиот услов** кој мора да се исполни е невработените лица кај субјектот, да се ангажирани **во функција на дејноста** на исплатувачот, се однесува и за **хотелското сместување**, но и за **превозот** на невработените во земјата и во странство.

**Вториот услов** претставува задолжителната документираност на направените издатоци за хотелско сместување и превоз на невработените лица.

### *3.1 Хотелско сместување за невработени*

Со извршените измени, кои се однесуваат за 2020 година, трошоците за невработени лица, за ***хотелско сместување (категорија над четири ѕвездички), се даночно признат расход во износ до 6.000 денари, дневно по лице, доколку истите се документирани.***

Согласно одредбата од **член 9 точка 3-а** се воведува дневен лимит, по лице, за хотелското сместување и хотелска категорија за даночен расход, како горен праг.

При постоење на документација за сместување за повеќе денови, останува обврската за следење на дневниот лимит, по лице до 6.000 денари.

Поради критериумот на даночно признат / непризнат расход, трошоците по основ на хотелско сместување за невработени, бараат задолжително издвојување при книговодствената евиденција на делот од даночно непризнатиот расход на посебно конто, наменето за таа цел.

***Даночно признатиот расход (до 6.000 МКД), по овој основ, се евидентира на конто:***

- ***44021- Хотелско сместување на невработени.***

Хотелското сместување на невработени во објекти со категорија повисока од четири ѕвездички, **во износ над 6.000** денари, дневно по вработен, претставува даночно непризнат расход и се корегира во даночниот биланс.

> ***НАПОМЕНА: Корекцијата во ДБ се однесува за субјектите кои данокот на добивка го пресметуваат и плаќаат со Образец ДБ, а не се однесува на обврзниците кои данокот го плаќаат на Образец ДБ-ВП.***

Износите **над 6.000 МКД дневно по лице,** се даночно непризнат расход и истите би требало да се евидентираат на посебна аналитика од конто, (заради внесување во ДБ):

- ***44022 – Хотелско сместување на невработени лица (ДНР);***

**(ДНР = даночно непризнат расход).**

### *3.2 Трошоци за превоз на невработени*

*Надоместоци на трошоците за превоз на лица кои не се вработени кај исплатувачот, а се ангажирани во функција на дејноста на исплатувачот (во земјата и во странство),* ***доколку истите не се документирани,*** се третираат како даночно непризнат расход.

Превозот не е ограничен на видот и на средството за неговото извршување, ниту на висината или цената на превозот, а се однесува за превозот извршен во земјата и странство.

Документираните трошоци за превоз на невработени лица, за цели на дејноста на субјектот, претставуваат даночно признат расход, согласно одредбите од член 9 став 1 точка 3-а.

### *3.3 Документарен основ за хотелско сместување и превоз на невработени лица*

Основот за настанување на расход во тековна година согласно МСС, секако претставува постоење на промена евидентирана врз основа на соодватен документ.

Документарен основ за признавање на наведените расходи за даночни цели, по основ на хотелско сместување, претставува фактура за сместување на лицата или друг документ за потврдување на сместувањето на лицата.

Издатоците кои не се документирани со фактура за сместување на лицата, спаѓаат во даночно непризнат расход.

Фактура за извршениот превоз, приложување на авионска карта или други документи, во зависност од видот на превозот, со кои би се докажале направените трошоци за превоз, претставуваат **прифатливи** документарни основи.

Други документи од кои непосредно може да се утврди поврзаност меѓу лицата, направените трошоци и временскиот период во кој е извршена работата, **исто се прифатливи** за класифицирање во даночно признат расход (член 4 став 2 алинеа 3 од Правилникот за данокот на добивка).

## *4. ДАНОЧНА ОСНОВА ЗА ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД*

Даночна основа за утврдување на данокот на доход претставува збир на бруто-доход остварен по сите основи (во пари, во хартии од вредност, во натура или во некој друг вид) во земјата и во странство, намалена за износот на:

1) придонесите од задолжително социјално осигурување, одредени со прописите за задолжителните придонеси;

2) даночното намалување и

3) нормираните или стварните трошоци, предвидени со законот за данок на личен доход.

Даночен обврзник на данокот на доход е секое физичко лице резидент на РМ за доходот што го остварува во земјата и во странство. Резидент е физичко лице кое на територијата на Македонија има постојано живеалиште или престојувалиште.

Резидентот има престојувалиште, ако на територијата на РМ престојува непрекинато или со прекини 183 или повеќе дена во кој било 12-месечен период.

Обврзник на данокот на доход, е и трговец поединец, како и физичко лице кое се занимава со земјоделска, со занаетчиска дејност и лице кое врши услуги или слободно занимање.

Обврзник на данокот на доход е и физичко лице кое не е резидент на РМ, за доходот остварен на територијата на РМ.

Обврзник на данокот на доход е и физичко лице кое непријавено врши дејност и остварува доход кој подлежи на оданочување според одредбите на законот.

Заради одбегнување двојно оданочување, на обврзникот - резидент му се намалува пресметаниот данок на доход за износот на платениот данок на доход во друга држава, најмногу до износот што би се добил со примена на стапката од 10%.

Данокот на личен доход, се плаќа **годишно** на збирот на доходот од сите извори, освен на доходот изземен од оданочување со законот.

Предмет на оданочување (член 3 став 1), се следните **видови на доход,** остварени во земјата и во странство:

**1) Доход од работа;**

**2) Доход од самостојна дејност;**

**3) Доход од авторски и сродни права;**

**4) Доход од продажба на сопствени земјоделски производи;**

**5) Доход од права од индустриска сопственост;**

**6) Доход од закуп и подзакуп;**

**7) Доход од капитал;**

**8) Капитални добивки;**

**9) Добивки од игри на среќа;**

**10) Доход од осигурување и**

**11) Друг доход.**

## *5. ОСЛОБОДУВАЊА ОД ДАНОК НА ДОХОД*

Согласно измените на одредбите од член 12 и 13 од Законот, се задржува ослободување од плаќање на данок на личен доход за одредни видови на доходи, остварени од физички лица, содржани во 44 точки.

***Данок на доход не се плаќа на:***

1) помош за социјална заштита;

2) субвенции доделени од државен орган за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој на физички лица кои остваруваат доход од продажба на сопствени земјоделски производи од членот 43 и 47 на законот;

3) надоместок по основа на здравствено осигурување, освен надоместок на плата;

4) паричен надоместок за време на невработеност, утврден со закон;

5) детски додаток;

6) други социјални додатоци за деца, утврдени со закон;

7) цивилна инвалиднина, материјални права од боречка инвалидска заштита, како и плата на инвалидно лице, согласно со закон;

8) надоместок за телесно оштетување;

9) надоместок во случај на смрт на вработеното лице, член на семејството на вработеното лице и член на семејството на обврзникот кој остварува доход од самостојна дејност, до пропишаниот износ;

10) помош за претрпени штети од елементарни непогоди, до најнискиот износ утврден со ОКДПСОС, односно за вработените во нестопанството во висина утврдена со прописите за органите на државната управа;

11) помош за претрпени штети настанати од елементарни непогоди или други вонредни настани исплатени од Буџетот на РМ и буџетите на Градот Скопје и ЕЛС;

12) стипендии на ученици и студенти што ги доделуваат органите на државната управа во согласност со закон и стипендии што ги доделуваат фондации врз основа на веродостојна документација, вклучувајќи ги трошоците за школарина/партиципација, превоз, сместување и исхрана;

13) награди на ученици и студенти освоени на натпревари во рамките на образовниот систем, доделени од Министерство за образование и наука, основни, средни и високообразовни установи;

14) надоместок за практична обука на ученици и практична настава на студенти во висина **најмногу до 8.000** денари месечно;

15) надоместок на лицата волонтери, согласно со Законот за волонтерство;

16) примени донации, во согласност со Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности;

17) надоместок на трошоците за користење сопствен автомобил за потребите на работодавачот во висина од **30%** од цената на литар гориво, што го користи автомобилот за секој изминат километар, а најмногу до **3.500** денари месечно;

18) надоместок на трошоците за службени патувања, за теренски додаток (сместување, исхрана) или одвоен живот од семејството на вработени лица и на обврзникот кој остварува

доход од самостојна дејност во висина на најнискиот износ утврден со ОКДПСОС во РМ, односно за вработените во нестопанството, во висина утврдена со прописите за органите на државната управа;

19) организиран превоз до и од работа, како и исхрана за време на работа утврдени со закон, ОКДПСОС, односно за вработените во нестопанството, во висина утврдена со прописите за органите на државната управа;

20) надоместок за учество на лице во органите за спроведување избори и други форми на непосредно изјаснување на граѓаните, како и надоместок на лице за работа во врска со пописот на населението;

21) алиментации и надоместок на штета по судска одлука и надоместок на штета како последица на несреќа при работа;

22) отпремнина што се дава при заминување во пензија во висина од две просечни месечни нетоплати по работник исплатени во РМ во последните три месеци;

23) еднократен надоместок - испратнина заради трајно работно ангажирање на работниците при откажување на договорот за вработување од деловни причини (технолошки, економски, организациони и слични промени) утврден со закон;

24) надоместок на трошоци за службени патувања (трошоци за превоз, сместување и исхрана) при патување на државните репрезентации и спортските клубови на официјални првенства и други меѓународни натпревари;

25) награди на спортисти за постигнати резултати на официјални меѓународни натпревари;

26) стипендии за спортисти што ги доделуваат органите на државната управа согласно закон;

27) награди што ги доделува Организацијата на обединетите нации и меѓународните организации;

28) награди за животни достигнувања во науката, културата и спортот;

29) парични надоместоци доделени на национален уметник согласно со Законот за националниот уметник на РМа;

30) паричен надоместок доделен на уметник и стручен соработник од областа на заштитата на културното наследство, кој остварил право на пензија и кој е добитник на една од

наградите за областа на културата и уметноста, согласно со Законот за културата;

31) финансиска помош на физички лица - резиденти на РМ која се користи за лекување во земјата или во странство, согласно лекарска документација и документација за трошоците за лекување (фактура, односно профактура) издадена од страна на здравствената установа која го извршила или ќе го изврши лекувањето, како и документирани трошоци за превоз и сместување неопходни за лекување на лицето;

32) исплатени донирани финансиски средства преку отворени специјални телефонски броеви за донации кои се користат за хуманитарни цели;

33) надоместок на штета по основ на животно и неживотно осигурување;

34) уплатени премии за колективно осигурување за вработените лица кои ги плаќа работодавачот за повреди на работа и за обврзникот кој остварува доход од самостојна дејност;

35) уплатена премија за животно осигурување за една календарска година, за вработени лица и за обврзникот кој остварува доход од самостојна дејност, во висина до две просечни месечни бруто-плати во РМ, објавени во јануари во тековната година, според податоците на Државниот завод за статистика;

36) уплатен придонес во доброволен пензиски фонд за една календарска година, за вработени лица и за обврзник кој остварува доход од самостојна дејност, во висина до две просечни месечни бруто-плати во РМ, објавени во јануари во тековната година според податоците на ДЗС

37) камати на депозити по видување и трансакциски сметки;

38) камати по јавни заеми;

39) камати по обврзници издадени од РМ и ЕЛС;

39-а) капитални добивки остварени од продажба на хартии од вредност и удели издадени од инвестициски фонд доколку имателот ги поседувал за период подолг од 10 години;

40) надоместоци на трошоци за хотелско сместување, храна и превоз за лица кои не се вработени кај филмскиот продуцент, кои учествуваат при производство на филм наменет за јавно прикажување, во висина на стварните трошоци, утврдени врз основа на документ за направените трошоци;

41) надоместоци на трошоци за сместување, храна и превоз за лица кои се учесници на настани, организирани во рамки на активностите на организацијата основана согласно со Законот за здруженија и фондации, утврдени врз основа на документи за направените трошоци;

42) надоместоци на трошоци за сместување, храна и превоз за членови на синдикатот за активности во рамки на синдикатот, како и примања на членови на синдикатот од средствата на синдикатот согласно Статут, програма и одлуки на органите на синдикатот, врз основа на документи за направените трошоци, освен исплатени надоместоци на членови на синдикатот по основ на повремено или привремено вршење услуги;

**42-а) надоместоци на трошоци за хотелско сместување (со категорија до четири ѕвездички), во износ најмногу до 6.000 денари дневно и надоместоци на трошоци за превоз на лица, кои не се вработени кај исплатувачот, а се ангажирани во функција на дејноста на исплатувачот (во земјата и во странство), врз основа на документирани докази за направените трошоци, извештај за ангажманот и документи за основаноста на ангажманот (покана, агенда, програма, договор, работен налог и слично) и со потврден временски редослед меѓу сместувањето, превозот и извршената работа;**

43) доход од продажба на собрани лековити билки и шумски плодови, остварен од физичко лице и

44) надоместоци на трошоци за хотелско сместување (со категорија до четири ѕвездички), превоз и надоместоци за трошоците за виза, за лица кои учествуваат во образовни и научни активности или настани на научни и образовни институции во земјата и во странство, утврдени врз основа на документи за направените трошоци.

## 6. ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД И ХОТЕЛСКО СМЕСТУВАЊЕ И ПРЕВОЗ ЗА НЕВРАБОТЕНИ

Истоветна категоризација и даночен третман се предвидува со одредбите од Законот за данокот на личен доход, како и со одредбите од Законот за данокот на добивка, за трошоците за хотелско сместување и превоз, за невработени лица, исто така почнувајки од 01.01.2020 година.

Ослободувањето од данок на личен доход е условено од исполнување на одредени критериуми, иако станува збор за невработени лица.

Ангажираноста на невработените лица во функција на дејноста на исплатувачот е прв и основен услов за примена на ослободувањето до данокот на личен доход, врз издатоците за хотелско сместување и за трошоците за превоз.

Документарниот основ за докажување на направените издатоци е основен услов за примена на ослободувањето.

### 6.1 Хотелско сместување за невработени

Со одредбите од член 12 став 1 точка 42-а од Законот за ДЛД, надоместоците на трошоци за хотелско сместување, се ослободени од данок на личен доход, во износ најмногу до 6.000 денари, дневно по лице.

Горната граница од 6.000 денари се однесува на сместувањето во хотел, со категорија до четири ѕвездички.

Ослободени од данок на личен доход се издатоците за сместување за невработени лица, ангажирани во функција на дејноста на исплатувачот, во земјата и во странство.

Ослободувањето за издатоците се остварува врз основа на документирани докази за направените трошоци.

За цели на ослободувањето задолжително се приложува извештај за ангажманот и документи за основаноста на ангажманот (покана, агенда, програма, договор, работен налог и слично).

Потврдениот временски редослед меѓу сместувањето, превозот и извршената работа, се смета за крунски доказ, за оправданоста на трошоците за цели на дејноста на субјектот.

### *3.2 Трошоци за превоз на невработени*

Надоместоци на трошоци за превоз на лица, кои не се вработени кај исплатувачот, а се ангажирани во функција на дејноста на исплатувачот, во земјата и во странство, се **ослободени од данок на личен доход.**

Ослободувањето се применува врз основа на документирани докази за направените трошоци.

Покрај основниот документ за направен расход како доказ се бара и извештај за ангажманот и прилог документи за основаноста на ангажманот, покана, агенда, програма, договор, работен налог и слично.

Извештајот за ангажманот и документи за основаноста на ангажманот, се задолжителни за докажување на основаноста на трошоците за превоз за цели на ослободувањето.

Покрај извештајот за извршените обврски, временскиот редослед меѓу сместувањето, превозот и извршената работа, треба да биде реално изводлив.

## *4. РЕЗИМЕ*

Почнувајки од 01.01.2020, трошоците за превоз и сместување на невработени лица добиваат третман на даночно признати расходи и на личен доход, кој е ослободен од оданочување со данокот на личен доход.

За разлика од тековната година во претходните периоди, неколку пати се менуваше принципот на оданочување и третманот на даночно признат расход за трошоците за сместување и превоз на невработени лица.

Основниот проблем е што во вградената законска формулација за користење на ослободувањето од данок, како и признавањето на даночниот третман, се кријат можности за субјективно толкување на исполнетоста на критериумите за користење на даночно повластен третман.

Прелевањето и разграничувањето на трошоци со личен карактер, во трошоци за цели на дејноста за невработените лица ангажирани во функција на дејноста на исплатувачот, крие најмногу можности за злоупотреба и погрешно толкување.

Основниот доказен материјал е извештајот за ангажманот и документи за основаноста на ангажманот, покрај директните документи за издатокот.

Постоењето на документ за настанат издаток не е гаранција за даночно повластениот третман, без поврзаните извештај за ангажманот и потврден временски редослед меѓу сместувањето, превозот и извршената работа.

***Табела 1***

***Даночен третман на трошоците за сместување и превоз за невработени лица***

| Р. бр. | Вид на надомест | Ослободен | | Горен лимит | Во земјата | Странство | Задолжителен документ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ДЛД | ДД | | | | |
| 1. | Сместување | √ | √ | До 6.000 дневно | √ | √ | √ |
| 2. | Превоз | √ | √ | / | √ | √ | √ |

# НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТИ

*дипл. економист: Јулија Минковска*

## *ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРАКТИКАНТСКА РАБОТА, ПРАКТИЧНА ОБУКА И НАСТАВА НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ И ВОЛОНТЕРСКА*

*Правото за извршување на практиканска работа е регулирано согласно Законот за практиканство ("Службен весник на РМ" 98/19), Извршување на практични обуки на ученици и студнети е регулирано согласно Законот за стручно образование и обука („Службен весник на РМ" 71/06...55/16) додека извршувањето на Волонтерска работа е регулирано согласно Законот за волонтерство („Службен весник на РМ" 85/07; 116/08; 147/15).*

### *ВОВЕД*

Со Закон за практиканство, ***(во продолжение ЗП),*** се овозможува непречено стекнување на практично искуство на невработените лица, зголемување на нивните вештини и полесно вклучување на пазарот на трудот и создавање на можности и услови на работодавачот за вработување на лица со практично искуство, кои имаат одредени вештини и знаења за одредени работи и работни задачи.

Со Законот за Стручно образование и обука ***( во продолжение)***, се уредуваат организирањето, структурата и управувањето на системот на стручното образование и обука, кој обезбедува индивидуален развој на личноста преку стекнување компетенции, знаења и вештини неопходни за вклучување на пазарот на трудот или продолжување на образованието.

Со Законот за Волонтерство, (***во продолжение ЗВ***), се уредуваат волонтерството, условите и начинот на вршење на волонтерството, правата и обврските на волонтерите и организаторот на волонтерството, договорот за волонтерството и евиденцијата на волонтерската работа.

Под волонтерство, според законот, не се подразбира вршење на волонтерски стаж, согласно со Законот за работните односи.

Бидејќи постои разлика во начинот на извршување на практиканска работи, практична обука на ученици и студенти волонтерска работа во практиката често разликата во начинот на спроведувањето на истите не е соодветна на регулативата.

## *1. ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРАКТИКАНТСКА РАБОТА*

**Практикантство** е работна активност којашто вклучува компонента на работа преку учење и здобивање на практични работни вештини, која се реализира во ограничен временски период, со цел стекнување на практично и професионално искуство, за да се подобри вработливоста и да се помогне преодот кон редовно вработување.

**Под практикантство, не се подразбира**:

- ✓ ***Вршење на приправнички стаж,***
- ✓ ***Волонтерски стаж и Рробна работа, согласно Законот за работните односи, како и***
- ✓ ***Обука, преквалификација и доквалификација, согласно Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност.***

### *1.1. Услови за вршење на практиканска работа*

Согласно Член 3 од ЗП, практикантот треба да ги исполнува следните услови:

- **Да не е во работен однос;**
- **Да не е постар од 34 години и**
- **Да има завршено НАЈМАЛКУ ОСНОВНО образование.**

**Практикант** е физичко лице кое обавува работна пракса кај работодавачот, со цел да се стекне со практични знаења и вештини, што ќе му помогнат да ја подобри вработливоста на пазарот на трудот.

Практикант согласно Законот, може да биде секое физичко лице државјанин на Република Македонија, кое ги исполнува условите утврдени со Законот.

Практиканти може да ангажира ***работодавач*** кој вработува работници врз основа на Договор за вработување и тоа:

- **Правно и физичко лице, како и**
- **Друг субјект:**
  *Орган на државна власт,*
  *Орган на единица на локалната самоуправа,*
  *Подружница на странско друштво,*
  *Дипломатско и конзуларно претставништво), кој вработува работници, врз основа на договор за вработување*;

### *1.2. Обезбедувањее на потребата од практиканткант*

Согласно член 4 од ЗП, потребата од практикант, работодавачот ја обезбедува:

- **По пат на ЈАВЕН ОГЛАС,** објавен на својата интеренет страницата и/или на интеренет страницата на Агенцијата за вработување на РМ – АВРМ;
- **Друг ЈАВЕН МЕДИУМ** којшто содржи информации за условите за практиканската работа.

Со примената на Законот **се забранува** секоја дискриминација врз основа на: ***раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.***

**ОГЛАС**
**ЗА ПРАКТИКАНСКА РАБОТА**
**БРОЈ НА ОГЛАС--------------------------------**
***По датоци за работодавачот***
**Назив----------------------------------------------**
Единствен матичен број на субјектот и реден број на деловната единица-------------------------------
***Податоци за огласувањето***
Датум на огласување----------------------------
***Начин на огласување (заокружување)***
1. На сопстве на веб страна
2. На веб страната на АВ РСМ
3. Дневен печат
4. Други медиуми
Рок на важност на огласот
***(број на денови)*------------------------------**
Број на потребни практиканти-------------
Времетраење на практикантската работа
(***број на месеци***)----------------------

*1.3. Времетраење на практикантската работа*

Согласно член 6 од ЗП, Минимален период на траење на практикантска работа кај еден работодвач ***е ЕДЕН месец, а Максималниот период ШЕСТ месеци.***

Едно лице **може да обавува практикантска работа кај ист работодавач само еднаш**.

***Договорот за практикантство може да се склучи за полно работно време или за пократок период од полното работно време.***

### *1.4. Бројот на практиканти*

Согласно член 7 од ЗП, максималниот број на практиканти кои можат да реализираат практикантска работа кај еден работодавач во исто време, се определува според бројот на вработени на неопределено време, на денот на пријавување на практикантот кај работодавачот и тоа:

- **од 1 до 5 вработени – 1 практикант;**
- **од 6 до 10 вработени – до 2 практиканта;**
- **од 11 до 50 вработени – до 4 практиканти;**
- **од 51 до 150 вработени – до 8 практиканти;**
- **од 151 до 250 вработени – до 15 практиканти;**
- **од 251 до 500 вработени – до 30 практиканти; и**
- **над 500 вработени – до 50 практиканти.**

Бројот на ангажирани практиканти од страна на еден работодавач, во кој било момент, ***не смее да го надмине максималниот број кој е определен врз основа на бројот на вработени на неопределено време*** кај работодавачот.

Агенцијата за вработување на Република Македонија еднаш месечно доставува податоци до Државниот инспекторат за труд, за работодавачите кои имаат пријавено практиканти.

### *1.5. Надоместок за практиканска работа*

Согласно член 8 од ЗП, практикантот за време на практиканската работа кај работодавачот ***има право на МЕСЕЧЕН надоместок*** кој се исплаќа од страна на работодавачот.

Висината на месечниот надоместок **се утврдува во НЕТО ИЗНОС за полно работно време** во зависност од времетраењето на периодот на практикантската работа и тоа:

- **оd 42% dо 74% од МИНИМАЛНАТА НЕТО ПЛАТА, за практикантската работа до ТРИ месеци; и**
- **Во висина на МИНИМАЛНАТА НЕТО ПЛАТА утврдена согласно со закон, за практикантската работа над ТРИ месеци**, сметано од четвртиот месец.

Доколку практикантската работа, согласно Договорот за практикантска работа, се реализра **во период пократок од полното работно време**, надоместокот за практикантска работа ќе се пресметува **пропорционално** на времетраењето на практикантската работа во случај на отсуство од работа по било кој основ, освен:

- ✓ **Одмор за време на работа и**
- ✓ **Празници утврдени со закон,** надоместоокот ќе се исплаќа пропорционално на времето поминато на практиканска работа, а работодавачот е должен да го исплати најдоцна ***до 15-ти во тековниот месец, за претходниот месец.***

### *1.6. Права и обврски на практикантот и работодавачот*

#### *1.6.1. Права на практикантот*

Согласно член 9 од Законот, прктикантот за времетратење на практикантската работа има право:

- ➢ ***Во писмена форма да го добие описот на целите, задачите и процесот на практикантството пред да го склучи договорот за практикантство;***
- ➢ ***Да биде запознаен со условите за работа и опасностите поврзани со работата за време на практикантството, пред започнување на истото;***
- ➢ ***Да биде запознаен со општите акти на работодавачот;***
- ➢ ***На дневен и неделен одмор исто како вработените кај работодавачот согласно општите прописи за работни односи;***
- ➢ ***На платен одмор - во траење од два работни дена месечно, доколку работи со полно работно време или еден работен ден месечно доколку работи со неполно работно време;***
- ➢ ***На надоместок од член 8 од овој закон;***
- ➢ ***Надомест на трошоци за службени патувања или други надоместоци и доколку настанале во текот на обавувањето на практиканската работа.***

### *1.6.2. Обврски на практикантот*

Согласно член 10 од Законот, практикантот за време на практикантската работа е должен:

- ***Да потпише договор за практикантство со работодавачот, пред започнувањето со практикантската работа ;***
- ***Да работи во согласност со закон, договорот за практикантство и општите акти на работодавачот со кои претходно е запознаен;***
- ***Да учествува во обуката и посветено да работи на доверените задачи;***
- ***Да користи средства за заштита при работа, согласно прописите за заштита при работа;***
- ***Да го извести работодавачот за болест или други причини за привремена или трајна спреченост за вршење на практиктикантската работа;***
- ***Да ги чува доверливите податоци, односно класифицираните информации на работодавачот, со кои е запознаен во текот на практикантската работа;***
- ***Да го извести работодавачот за штетни последици за кои е запознаен дека можат да настанат за него, за трети лица или за работодавачот. Доколку практикантот претходно го известил работодавачот за спомнатите штетни последици, истиот нема да има одговорност за направената штета.***

Практикантот кој, намерно или поради груба небрежност, го оштети имотот на работодавачот за време на спроведувањето на практикантската работа, е должен да му ја надомести штетата на работодавачот, во согласност со одредбите на Законот за облигациони односи.

По завршување на практикантската работа, ***практикантот е должен во рок од 10 работни дена*** по приемот на електронски формулар за евалуација од **АВРМ.**

### *1.6.3. Обврски на работодавачот*

Согласно член 11 од Законот, работодавачот е должен:

- ***Да објави јавен оглас за практикантство на својата интернет страна и/или на интернет страната на АВРМ или друг јавен медиум;***
- ***Да ги утврди очекуваните цели за ангажирање на практикантот, задачите и процесот на практикантската работа, кои треба да бидат јавно достапни на заинтересираните кандидати во огласот за практикантска работа ;***
- ***Да изврши избор на кандидати кои аплицирале за практикантска работа;***
- ***Да потпише договор за практиканство со избраниот кандидат;***
- ***Да обезбеди одговорно лице – ментор за континуиран надзор на практикантот, кој ќе ја организира практиканската работа, ќе го следи напредокот на практикантот и ќе осигура остварување на целите за учење и пракикантство;***
- ***Да обезбеди надзор над работата на практикантот од страна на менторот и да не дозволи самостојно работење на практикантот;***
- ***Да обезбеди оптимални услови за работа и материјали и средства за извршување на практикантската работа;***
- ***Да му издаде на практикантот потврда за стекнатите знаења, вештини и компетенции, како и опис на практиканската работа и нејзиното времетраење, во рок од осум работни дена од завршување на практикантската работа;***
- ***Редовно да му го исплаќа надоместокот утврден во (договорот за практиканство);***
- ***Да плати персоналниот данок на исплатената сума од надоместокот;***
- ***Работодавачот не може да му наложи на практикантот да работи задачи кои не се опишани во договорот за практикантство ;***

- ***Да обезбеди средства за заштита при работа, доколку за работното место на кое се врши практиканската работа е пропишано да се користат;***
- ***Да обезбеди тајност на личните податоците и заштита на приватноста на практикантот;***
- ***На сопствен трошок да обезбеди осигурување од професионални болести и повреди на работното место за време на практиктиканската работа; и***

***НАПОМЕНА: Работодавачот не може на практикантот да му наплаќа трошоци за обука, трошоци за превоз, работни материјали и слични работи поврзани со вршењето на пракантската работа.***

### *1.7. Договор за практиканство*

Согласно член 12 од Законот, односите, правата и обврските помеѓу практикантот и работодавачот се регулираат со договор за практикантство.

Работодавачот е должен да склучи договор со практикантот во писмена форма, кој треба да биде потпишан од двете страни, пред започнувањето на практикантската работа. Договорот за практиканство за лице помладо од 18 години го потпишуваат практикантот, неговиот родител/старател и работодавачот;

Договорот за практиканство може да биде потпишан на полно работно време или неполно работно време, согласно потребите и волјата на договорните страни.

Договор за практиканство не може да се склучи за да се замени постојно работно место, за кое може да се склучи договор за вработување, односно практикантот не може да обавува редовни работни обврски и да биде интегриран во работната структура на работодавачот.

Со склучување на договорот за практиканство, практикантот не ги губи правата по основ на невработеност, согасно прописите за вработување и осигурување во случај на невработеност и правата по основ на социјална заштита, утврдени согласно прописите од социјалната заштита.

Работодавачот има обврска секој склучен договор за практикантска работа да го пријави **во АВРМ.**

### *1.7.1. Содржина на договорот за практикантска работа*

Согласно член 13 од Законот, договорот за практикантска работа содржи:

***1.Податоци за договорните странките, име и презиме на практикантот, матичен број, година на раѓање, адреса на живеалиште;односно на престојувалиште; телефон; електронска адреса; вид и степен на образование на практикантот; име и презиме на овластено лице, број на вработени кај работодавачот; дејност на работодавачот;***

***2. Полн и скратен назив на работодавачот, ЕМБ, година на основање, име и презиме на овластено лице, град, адреса на правното лице, основна дејност, број на вработени,***

***3.Датум и место на склучување на договорот.***

***4. Почетен и краен датум на практикантската работа.***

***5.Опис на целите и процесот на здобивање на практични знаења и вештини на практикантот.***

***6.Предмет на практикантството - опис на работните задачи на кои ќе работи практикантот.***

***7.Опис на местото на работа, условите за работа и можните опасности за практикантот.***

***8.Висина на месечниот надоместок кој ќе му биде исплаќан на практикантот во нето износ согласно член 8 став (2) од Законот.***

***9. Обврска за осигурување на практикантот од повреди на работно место и осигурување на работодавачот од направени штети од страна на практикантот.***

***10. Распоред на дневно и неделно работно време и број на работни часови.***

***11.Обврска за чување на деловна тајна од страна на практикантот, и***

***12. Обврска на работодавачот за издавање на потврда за стекнати знаења и вештини на практикантот.***

### *1.7.2. Престанок на договорот за практиканство*

Согласно член 14 од Законот, ***договорот за практикантство престанува:***

- ***Со истекот на рокот за кој е склучен договорот;***
- ***Со спогодбено раскинување;***
- ***При намалување на бројот на вработени лица на неопределено време кај работодавачот од неоправдани причини, за време на ангажирани практиканти или***
- ***Со вработување на практикантот*.**

Практикантот може да го раскине договорот пред да истече времето за кое е склучен, со писмена изјава без обврска за наведување на причината за раскинување на договорот.

**Работодавачот може да го раскине** договорот за практиканство:

- ***Со престанување на потребните услови за практикантска работа;***
- ***Кога ќе констатира дека практикантот не ги исполнува договорените обврски или***
- ***Со вработување на практикантот.***

Договорната страна е должна писмената изјава за раскинување на договорот за практикантска работа да ја достави до другата договорна страна, во рок од најмалку пет дена пред раскинувањето на договорот.

Доколку договорот за практиканство се раскине пред истекот на рокот за кој е склучен, во рок од три дена работодавачот е должен да ја извести **АВРМ.**

## *1.8. Пресметка на надомест и придонеси за лицата ангажирани како практиканти*

### *1.8.1. Оданочување на надоместокот за практиканство*

Согласно член 15 точка 17 од Законот за данок на личен доход ("Службен весник на РМ" 241/18; 275/19), ***надоместокот кој се исплаќа на практикантот за практиканската работа, преставува доход од работа.***

**Надоместокот за практиканска работа се оданочува со пресметковна стапка од 11,1111%.**

### *1.8.2. Основица за пресметка на надоместокот за практиканство*

Согласно член 16 став 1 точка 14 од Законот за данок на личен доход, даночна **ОСНОВА** за пресметување на данокот на доход претставува **износот на надоместокот за практикантска работа, НАМАЛЕН *за придонесот врз основа на инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа или професионална болест* (4%) и *дополнителниот придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа* (0,5%).**

### *1.8.3. Обврзник за пресметка на придонеси за надоместокот на практиканти*

Согласно член 8 точка 1-а и член 11 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Службен весник на РМ" 142/08….247/18), лицето на практикантска работа **е ОБВРЗНИК за плаќање на:**

- **Придонес врз основа на инвалидност и телесно оштетување, причинето со повреда на работа или прифесионална болест од 4% и**
- **Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на поврда на работа и професионално заболување од 0,5%.**

**НАПОМЕНА: Обврската за пресметка и уплата на придонеси е на работодавачот, кој ангажира практикант.**

Согласно член 14 став 1 точка 14 алинеа 7 од Законот за придонеси, **ОСНОВИЦА** за пресметка на придонесите за ***практикантот е 50% од просечно исплатената месечна нето плата по работник*** во Републиката објавена во јануари во тековната година според ДЗС и за 2020 година изнесува:

**19.160,00 денари (38.319 x 50% = 19.160)**

Стапката за пресметување на овој придонес изнесува ***4% од основицата.*** Според тоа придонесот за инвалидност и телесно оштетување, причинето со повреда, изнесува:

| **19.160 x 4% = 766,00 денари.** |
|---|

Дополнителен придонес за задолжително здравстено осигурување во висина од 0,5% изнесува::

| **19.160 x 0,5% = 96 ,00 денари.** |
|---|

Придонесот се плаќа со полнување на образецот МПИН при што обврзникот за пресметка и уплата на придонесот е должен податоците да ги достави до УЈП, најдоцна до 10-ти во тековниот месец за претходниот месец, на следната уплатна сметка:

| ***843–(ойшйина) 149 йриходна 712113; йодйрограма 00.*** |
|---|

Рокот за уплата на придонесот е денот на исплата на надоместокот, а доколку надоместокот не е исплатен, рокот на доспеаност за плаќање на придонесите е 15-ти во тековниот за претходниот месец.

Согласно член 22 од Законот за придонеси, работодавачот е должен на практикантот да му достави заверена писмена пресметка за пресметаните и уплатени придонеси најдоцна 15 дена од исплатата на надоместокот, како и збирен извештај по истекот на годината најдоцна до 15 февруари наредната година.

### *1.8.4. Пресметка на данок на личен доход и придонеси за практикантско работење*

**ПРИМЕР; 1.** Друштвото “ДОРА” ангажирало лице со Договор за практиканство за период **до 3 месеци** за полно работно време од 8 часа. Договорениот месечен нето надоместокт **изнесува 6.272,00 денари (42% од,** од **Минималната нето плата, утврдена со Закон во висина од 14.934,00 денари.**

**(14.934,00 x 42% = 6.272,00 денари)**

**ПРЕСМЕТКА:**

| | |
|---|---|
| 1.Нето надомест | 6.272,00 |
| **2. Данок на личен доход (6.272 x 11,1111%)** | **697,00** |
| 3. Нето со данок (1 + 2) | 6.969,00 |
| 4. Коефициент (1 – (0,04 + 0,005)) | 0,955 |
| 5. Бруто I (6.969 : 0,955) | 7.297,00 |
| 6. Придонес за инвалидност и телесно оштетување (7.297 x 4%) | 292,00 |
| 7. Доплата на придонес за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа или професионална болест до најниска основица (19.160 x 4% = 766 - 292) | 474,00 |
| 8. Дополнително здравствено осигурување (7.297 x 0,5%) | 36,00 |
| 9. Доплата на придонес за доплинително здравствено осигурување до најниска основица (19.160 x 0,5% = 96-36) | 60,00 |
| **10. Вкупно придонеси (6 + 7 +8 +9)** | **862,00** |
| 11 Бруто надомест (1 + 2 +10) | 7.831,00 |

**ПРИМЕР 2.** Друштвото **“ДОРА”** ангажирало лице со Договор со практиканство за период **над 3 месеци** за полно работно време од 8 часа. Договорениот месечен нето надоместокт **изнесува 11.051,00 (74% од** Минималната нето плата утврдена со закон **во висина од 14.934,00 денари).**

**(14.934,00 x 74% = 11.051,00)**

**ПРЕСМЕТКА:**

| | |
|---|---|
| 1.Нето надомест | 11.051,00 |
| **2. Данок на личен доход (11.051 x 11,1111%)** | **1.228,00** |
| 3. Нето со данок (1 + 2) | 12.279,00 |
| 4. Коефициент (1 – (0,04 + 0,005)) | 0,955 |
| 5. Бруто I (12.279 : 0,955) | 12.858,00 |
| 6. Придонес за инвалидност и телесно оштетување (12.858 x 4%) | 514,00 |
| 7. Доплата на придонес за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа или професионална болест до најниска основица (19.160 x 4% = 766 - 514) | 252,00 |

| | |
|---|---|
| 8. Дополнително здравствено осигурување (12.858 x 0,5%) | 64,00 |
| 9. Доплата на придонес за дополнително здравствено осигурување до најниска основица (19.160 x 0,5% = 96 - 64) | 32,00 |
| **10. Вкупно придонеси (6+ 7 +8 +9)** | **862,00** |
| 11.Бруто надомест (1 + 2 + 10) | 13.141,00 |

**ПРИМЕР 3.** Друштвото **"ДОРА**" ангажирало лице со Договор со практиканство за период **над 3 месеци** за полно работно време од 8 часа. Договорениот месечен нето надоместокт **изнесува 14.934,00 еднакво на Минималната нето плата, утврдена со закон во висина од 14.934,00 денари).**

**ПРЕСМЕТКА:**

| | |
|---|---|
| 1.Нето надомест | 14.934,00 |
| **2. Данок на личен доход (14.934 x 11,1111%)** | **1.659,00** |
| 3. Нето со данок (1 + 2) | 16.593,00 |
| 4. Коефициент (1 – (0,04 + 0,005)) | 0,955 |
| 5. Бруто I (16.593 : 0,955) | 17.375,00 |
| 6. Придонес за инвалидност и телесно оштетување (17.375 x 4%) | 695,00 |
| 7. Доплата на придонес за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа или професионална болест до најниска основица | 0,00 |
| 8. Дополнително здравствено осигурување (17.375 x 0,5%) | 87,00 |
| 9. Доплата на придонес за доплинително здравствено осигурување до најниска основица | 0,00 |
| **10. Вкупно придонеси (6+ 7 +8 +9)** | **782,00** |
| 11. Бруто надомест (1 +2 + 10) | 17.375,00 |

***КНИЖЕЊЕ:***

| | | |
|---|---|---|
| 449 - Надомест за практиканти | 17.375,00 | |
| 259 - Нето надомест на практиканти | | 14.934,00 |
| 235 - Данок на личен доход за надомест на практиканти | | 1.659,00 |
| 2390 - Придонес за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа или професионална болест | | 695,00 |
| 2391 - Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионална болест | | 87,00 |

***(исплатен надомест за практикантство)***

***1.8.5. Начин на поплнување на МПИН пресметката од страна на работодавачот за практиканска работа со полно работно време***

При пополнување на пресметката за практикантска работа, потребно е да се преземете новата верзија http://www.ujp.gov.mk/mk/obrasci/opis/81

**НАПОМЕНА: При полнување на МПИН прсметката работодавачот изготвува пресметка посебна од редовната пресметка на плата која ја поднесува за своите вработени.**

Пополнувањето на МПИН пресметката ***од страна на работодавач за лица на практикантска работа, се поднесува на следниот начин:***

**Во полето 1.3. ВИД НА ОБВРСКАТА** се пополнува **шифрата 399;**

**Во поле 1.4. ВИД НА ОБВРЗНИК** се пополнува шифра **110/111/112** во зависност од видот на обврзник правно лице или самовработено лице.

***НАПОМЕНА: Износот на плата во вкупен износ треба да биде еднаков на износот за нето плата, односно бруто еднакво на нето.***

**Во поле 3.15** se vnesuva **ПРИДОНЕС за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа** или прфесионална болест **по стапка од 4%,**

**Во поле 3.16** се внесува **ДОПЛАТА НА ПРИДОНЕС** до најниска основица

**Во поле 3.42** се внесува **ДОПОЛНИТЕЛЕН ПРИДОНЕС** за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување **по стапка од 0,5%;**

**Во поле 3.43** се внесува **ДОПЛАТА НА ПРИДОНЕС** за задолжително здравствено осигурување до најниска основица и

**Во поле 3.46** се внесува **ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД**

**Во поле 3.17** потребно е да се внесе **шифрата за вид на стаж 2222- лице практикант.**

Доколку практикантот **не работи цел месец** во тој случај се пополнуваат календарски денови и часови согласно деновите и часовите поминати на практиканска работа, **како и полињата 3.27 или 3.28 и полето 3.29**

Доколку во месецот имате поднесена и исплатена МПИН пресметка **со вид на обврзник (110,111,112)** и **вид на обврска 399** и **имате потреба од корекција на податоците во наведената пресметка,** во тој случај исправката на податоците се врши со поднесување на пресметка **со користење на шифра за вид на обврзник (110,111,112) и шифра за вид на обврска 393.**

***ПОПОЛНУВАЊЕ НА МПИН ПРЕСМЕТКА (Пример 3)***

***ДЕЛ 1***

Поле 1.1 - Месец за кој се пресметува .. .... ....... 07
Поле 1.2 - Година за која се пресметува . ...... 2020
**Поле 1.3 – Вид на обврска. 399**
Поле 1.4 - Вид на обврзник за пресметка и уплата на придонеси ..... ................................ 110

***МЕСЕЧНА***
***ПРОСЕЧНА ПЛАТА*** 1
Поле 1.5 Број на вработени 1

***ДЕЛ 2***

Се внесува податоци за правниот субјект кој е обврзник за пресметување и уплата на придонеси и данок на личен доход, како даночен берој, матичен број, назив, адреса, телефон, шифра на општина, емаил адреса.

***ДЕЛ 3***

**Во поле 3.0 до поле 3.4-ц** се пополнуваат податоци за осигуреникот и тоа: ЕМБГ, Презиме, Име и Број на деловна единица, Ознака на подрачната единица за издавање на потврди за платен придонес за здравствено осигурување, Ознака на општината на обврзникот за плаќање на придонеси и данок;

Поле 3.4 – Број на деловна единица 1
Поле 3.46 – Ознака на подрачна единица за издавање на потврда за платен придонес за здравствено сигурување 4061
Поле 3.5 - Траење на стаж во денови ...... ......... 31
Поле 3.6 - Ефективна работа - часови. ........... 184
**Поле 3.7 – Износ за ефективна работа 14.934**
**Поле 3.14 – Основица за пресметување на придонес бруто-плата во вкупен износ.. ................. 14.934**
Поле 3.15 - Придонес за задолжително ПИО ............... 695
Поле 3.16 - Доплата на придонес до најниска основица 0
Поле 3.42 - Дополнителен придонес за здравствено осигурување ... ...... 87
Поле 3.43 - Доплата на придонес до најниска основица ... .0
Поле 3.46 - Данок на доход ...... 1.659
**Поле 3.17 – Шифра за вид на стаж на осигурување 2222**
Поле 3.27 – Дата на заснова ње на работен однос 1
Поле 3.29 – Шифра за промена на засновање/престанок на работен однос 1
Поле 3.30 – Број на пријава/одјава од задолжително социјално осигуруваасе 1
Поле 3.13 – Нето плата.... 14.934
Поле 3.31 – Ефективна нето плата. 14.934
Поле 3.32 – Број на трансакцоска сметка x

### *1.10. Начин на поплнување на МПИН пресметка од страна на работодавачот за практиканска работа со не полно работно време*

Согласно одредбите на Законот за практиканство, работодавачот може да склучи Договор за практиканска работа на полно или неполно работно време во зависност од потребата и волјата на договорените страни.

Доколку практикантот ***не работи цел месец*** во тој случај **се пополнуваат календарски денови и часови согласно деновите и часовите поминати на практиканска работа**, **како и полињата 3.27 или 3.28 и полето 3.29**

За пополнување на МПИН пресметката од страна на работодавачот за лице на практиканска работа со неполно работно време , **во поле 3.17 се внесува ШИФРАТА ЗА ВИД НА СТАЖ 666 - Лице практикант со неполно работно време.**

**ПРИМЕР 1.** Друштвото **"ДОРА**" ангажирало лице со Договор со практиканство за период **над 3 месеци** за полно работно време **за 18 работни дена (144 работни часа).**

Договорениот месечен нето надоместокт кој ке му биде исплатен за месец **ЈУЛИ/2020** година **изнесува 11.051,00 денари односно (74% од 14.934,00 денари.**

Бидејки лицето не е ангажирано цел месец, **најниската основица за придонеси во бруто износ не е 19.160,00 денари,** туку истата ке изнесува: **14.995,00 денари (19.160 : 184 x 144).**

## *2. ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРАКТИЧНА РАБОТА НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ*

Правото за извршување на практична работа на ученици и студенти е регулирано согласно Законот за стручно образование и обука, ("Службен весник на РМ" 71/06; 145/15), Законот за високо образование ("Службен весник на РМ" 71/06...55/16), Законот за Данок на личен доход ("Службен весник на РМ" 241/2018; 247/2019), и Правилникот за начинот и условите за организирање на практична настава за студенти ("Службен весник на РМ" 120/10),

Со Законот за стручно образование и обука, **(во продолжение Законот)**, се уредуваат организирањето, структурата и управувањето на системот на стручно образование и обука, додека пак со Законот за високо образование се уредуваат автономијата на универзитетот и академската слобода, условите и постапката за основање и престанок на високообразовните установи, системот за обезбедување и оценување на квалитетот на високото образование, основите за организација, управување, развој и финансирање на високообразовната дејност.

И учениците и студентите покрај редовната настава во одреден период од годината, според потребите на работодавачите или другите институции, можат да извршуваат практична настава која соодејствувуа со нивниот степен на образование.

### *2.1. Практична настава на ученици*

Согласно член 3 од Законот, стручно образование и обука опфаќа:

- **Средно стручно образование и обука,** кое е дел од средното образование кое овозможува иницијално стекнување со прво, второ или трето ниво на стручни квалификации и
- **Постсредно стручно образование и обука,** кое е дел од системот на образованието кое овозможува на лица кои се стекнале со средно образование да се стекнат со четврто ниво на стручни квалификации.

### *2.2. Цели и задачи на стручното образование и обука*

**Согласно член 4 од Законот,** цел на стручното образование и обука е оспособување за работа, односно за продолжување на образованието, додека пак задачи на стручното образование и обука се:

- **Да обезбеди квалитетно стручно и општо образование** во согласност со современото ниво на науката, технологијата и културата, да создаде услови за стекнување и надградување на соодветни нивоа на стручни квалификации во согласност со потребите на пазарот на трудот,

- **Да поттикнува интерес** за стручното образование и обука,
- **Да развива компетенции, знаења и вештини** неопходни за стручните активности на лицето, како и за самовработување во рамките на општеството засновано врз пазарните и демократските принципи и
- **Да обезбедува основи** за доживотно учење.

**Системот на стручното образование и обука го вршат:**

- **Установите за стручно образование и обука, во кои влегуваат**: училиштата за стручно образование и обука кои реализираат општо и стручно - теоретско образование и практична обука и Центрите за стручна работа во кои се реализира стручно теоретско образование и практична обука.
- **Работодавачите,** односно трговските друштва, установите и занаетчиите кај кои се изведува практична обука на ученици според тековните услови на нивната активност, при што обуката не претставува нивна претежна дејност и
- **Социјалните партнери,** во кои влегуваат здруженијата кои ги претставуваат интересите на работниците и работодавачите кои во соработка со органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа го реализираат системот на стручно образование и обука.

### *2.3. Права и обврски на установите за стручно образование и обука*

**Согласно член 14 од Законот, установата за стручно образование и обука има право:**

- да организира и остварува стручно образование и обука според одредбите на Законот,
- да предлага измени и дополнувања на постоечките или да предлага нови наставни планови и програми и
- да може да се вклучува во комерцијални и економски активности, а финансиските средства стекнати од овие активности да се користат за подобрување на условите за работа во установата.

**Установата за стручно образование и обука има обврска:**

- да обезбеди безбедни работни услови во рамките на процесот на образованието и обуката,
- да ги исполнува обврските од договорите за обука,
- да ги доставува договорите за обука до коморите,
- да врши увид во реализацијата на договорите за обука и
- да им обезбеди на работодавачите навремени информации за тековните измени во наставните планови и програми.

### *2.4. Права и обврски на работодавачите вклучени во практичната обука*

Согласно член 15 од Законот, работодавачот има право:

- да се стекне со финансиски, царински и даночни олеснувања пропишани со закон и
- да предлага измени и дополнувања на постоечките или да предлага нови наставни планови и програми.

**Работодавачот има обврска:**

- да ги постигнува целите за практична обука од наставните програми согласно со предвидениот фонд на часови,
- да склучи договор со установата за стручно образование и обука и со ученикот за реализација на практичната обука,
- да обезбеди надоместок за ученичката работа во согласност со условите пропишани со договорот и
- да обезбеди заштита при работа согласно со закон.

### *2.5. Права и обврски на учениците во стручното образование и обука*

Согласно член 22 од Законот, учениците **имаат право:**

- ➢ да се префрлат од еден вид во друг вид на стручно образование и обука, односно од едно во друго ниво на стручни квалификации,

- за време на обуката да добиваат **надоместок за работата кај работодавачот утврден во договорот,**
- **да користат летен и зимски одмор и**
- да го раскинат договорот според условите утврдени во договорот.

**Учениците имаат обврска:**

- на интерно и екстерно проверување на напредокот и постигнувањето на успехот,
- редовно да ја посетуваат практичната обука и да ги исполнуваат работните обврски утврдени во договорот,
- за време на обуката да ги следат упатствата за работа на работодавачот и училиштето за време на практичната обука,
- да ја чуваат службената тајна на работодавачот,
- да ги почитуваат правилата за заштита при работа и
- да ги исполнуваат и другите обврски наведени во договорот.

Другите права и обврски на учениците се пропишани со Законот за средното образование и со други прописи.

**Стручното образование и обука содржи:**

- **Општо образование,**
- **Стручно теоретско образование и**
- **Практична обука.**

### *2.6. Практична настава на студенти*

Согласно член 99 став 11 од Законот за високо образование (“Службен весник на РМ” 35/08…10/15; 20/15; 98/15; 154/15) и Правилникот за начинот и условите за организирање на практична настава за студенти (“Службен весник на РМ” 120/10), практичната настава **не може да трае помалку од еден, ниту повеќе од осум часа во денот.**

Од страна на високообразовната институција, се обезбедуваат услови во соработка со соодветни субјекти за изведување на практичната настава.

Во текот на реализацијата на практичната настава студентот треба да е под надзор на ментор од високообразовната установа, кој одговара за успешно реализирање на практичната настава.

**Студентот за време на реализацијата на практичната настава, води дневник за секојдневните активности**.

Пред почетокот на практичната настава од страна на висообразовната институција се известува студентот и му се издава документ-потврда за негово упатување до организацијата установата каде ќе се реализира наставата, потпишана од деканот/директорот.

По завршувањето на практичната настава, студентот ја враќа потврдата на единицата на високообразовната установа, заверена од организација-установата.

Високообразовните установи, ќе извршат изменување и дополнување на постојните студиски или предметни програми, во кои што ќе се определи обемот и времетраењето на практичната настава, која не може да биде пократка од 30 дена, како и начинот на нејзината реализација.

### *2.7. Придонеси и даночен третман на надоместокот за практична обука на ученици и практична настава на студенти*

Со задолжително пензиско и инвалидско осигурување врз основа на инвалидност и телесно оштетување причинети со повреда на работа или професионална болест, опфатени се и учениците и студентите кога вршат практична работа за време на школувањето, односно студирањето ***(член 15 од ЗПИО***).

Согласно член 8 став 1 точка 1 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник на РСМ“ бр. 142/08…..247/18***), учениците и студентите се обврзници за плаќање придонес врз основа на инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа или професионална болест за време на практична обука од 4%,*** согласно член 13 став 1 точка 9, обврзник за пресметка и уплата на придонесите за овие лица е установата од областа на образованието.

Со одредбите од член 12 од Законот за данок на личен доход („Службен весник на РСМ" 241/18; 247/19), утврдено е дека данок на личен доход **не се плаќа** на надоместок за практична обука на ученици и практична настава на студенти во висина најмногу **до 8.000 денари месечно** (член 12 став 1 точка 14).

### *2.8. Пресметка на надоместокот на практична обука на ученици и студенти*

Согласно член 12 став 1 точка 14 од Законот за данок на личен доход, данокот на доход, не се плаќа за:

- **Надоместок за Практична обука на ученици и практична настава на студенти во висина најмногу до 8.000 денари месечно:**

***НАПОМЕНА: Во случај на исплата на надоместокот за практична обука на ученици и практична настава на студенти, над 8.000 денари се пресметува и плаќа Данок на доход во висина од 11,1111%.***

**ПРИМЕР:** *Друштвото "НН" во месец Јули /2020 година, за сопствените потреби ангажирало ученик на практична обука согласно со наставните програм за задолжителна практична обука. Работодавачот на ученикот кој ги исполнува работните обврски утврдени во Договорот треба да му исплати надоместок од* ***8.000,00 денари месечно.***

***Согласно Договорот за обука на ученици и студент за месец Јули/2020 година, на ученикот му е исплатено:***

| | |
|---|---|
| Надомест на практична обука | **8.000,00** |
| Придонес за инвалидност и телесно оштетување со повреда на работа или професинална болест **(19.160,00 x 4% = 766,00 денари)** | **766,00** |
| **Вкупно трошоци** | **8.766,00** |

***НАПОМЕНА: Доколку договорот за волонтерство е склучен на поголем износ од пропишаниот износ од 8.000, 00 денари, на разликата се плаќа Данок на личен доход.***

Вишокот исплатен износ заедно со Данокот на доход се додава во Даночниот биланс како Даночно непризнат расход.

Вкупните трошоци на јавната здравствена установа за надоместок **за практиканска работа од 8.000,00 денари** и придонесот за инвалидност и телесно оштетување со повреда на работа или професионална болест од **766,00 денари** за ангажирање на лицето за практична обука изнесуваат: **8.766,00 денари.**

***Книжење:***

| | | |
|---|---|---|
| 449 Останати трошоци на работењето | | |
| надомест за практична обука | 8.766,00 | |
| 2390 Придонес за инвалидност | | 766,00 |
| 259 Нето надомест за практикант | | 8.000,00 |

***(Исплатен надомест за практизна обука на ученици и студенти)***

***НАПОМЕНА: За исплатените 8.000,00 денари, на учениците по основ на надоместок за практична работа, Друштвото нема обврска да пресмета и плати данок на доход.***

***2.9 Пополнување на МПИН Пријавата за лица ангажирани за практична работа***

Образецот МПИН се **пополнува посебно за вработените, посебно за лицата** ***ангажирани за практична работа***

Во МПИН пријавата за пресметка и уплата на придонесите за ***ангажирани за практична работа:***

| **Поле – 3.0 до поле 3.4** | | **Податоци за осигуреник** |
|---|---|---|
| Поле - 1.3 | Вид на обврска | 222 |
| Поле - 1.4 | Вид на обврзник | 110 |
| Поле – 3.5 | Траење на стаж во денови | 31 |
| Поле – 3.6 | Ефективна работа - часови | 184 |
| **Поле – 3.7** | **Износ на ефективна работа** | **8.000** |
| Поле – 3.14 | Основица за придонеси | 19.160 |
| Поле – 3.15 | Придонес за ПИОМ | 766 |
| **Поле - 3.17** | **Шифра за вид на осигурување** | **222** |
| Поле - 3.30 | Број на пријава/одјава задолж.соц. осигурување | |

| | | |
|---|---|---|
| Поле - 3.13 | Нето плата | 8.000 |
| **Поле - 3.31** | **Нето плата по задршка** | **8.000** |
| Поле - 3.32 | Број на трансакциска сметка | / |

### *3. ИЗВРШУВАЊЕ НА ВОЛОНТЕРСКА РАБОТА*

Волонтерството претставува активност од интерес за Република Македонија, која придонесува за подобрување на квалитетот на животот со активно вклучување на луѓето во општествениот живот, како и за развој на хумано и рамноправно демократско општество.

Под волонтерство се подразбира і доброволно давање на лични услуги, знаења и вештини и /или вршење на други активности во корист на други лица, органи, организации и други институции, без надоместок.

Со законот не се ограничува можноста да се даваат волонтерски услуги, кои се од непостојана или случајна природа на доброволна основа, без надоместок.

Под волонтерство, според законот, не се подразбира вршење на волонтерски стаж, согласно со Законот за работните односи.

Согласно член 3 од Законот за волонтерство (***во продолжение – ЗВ),*** волонтер е физичко лице кое дава услуги, вештини и знаења во корист на други лица, органи, организации и други институции, на доброволна основа и без финансиска или друга лична добивка.

**Волонтер може да биде домашно и странско физичко лице.**

Согласно член 7 од Законот, државјанин на РМ, може да волонтира во други држави, согласно со прописите на државата во која волонтира и ратификуваните меѓународни договори.

За таа цел, а во согласност со ***Правилникот за начинот, постапката и евиденцијата за издавање на согласност за волонтирање на странско лице ("Службен весник на РМ" 128/07),*** организаторот на волонтерската работа до Министерството за труд и социјална политика доставува Барање за издавање согласност за волонтирање на странско лице.

**Кон барањето за издавање на согласност, се доставуваат следниве документи:**

- Договор за волонтирање;
- Програма за волонтирање;
- Документ, со кој се докажува идентитет на странецот;
- Изјава дека не е казнуван за прекршок;
- Копија од упис во Централниот регистар на РМ, односно надлежниот основен суд на организаторот на волонтерската работа и
- Висината и начинот на покривање на патните трошоци и трошоците за престој на волонтерот.

Организаторот на волонтерската работа е должен во рок од 60 дена од денот на издавање на согласноста да го извести Министерството за труд и социјална политика за почетокот на волонтрирање на странското лице.

### *3.1. Организатори на волонтерска работа*

Согласно член 6 од Законот, организатори на волонтерска работа можат да бидат:

- **Здружение на граѓани и фондација,**
- **Верска заедница и религиозна група,**
- **Јавна установа,**
- **Орган на државна власт, и**
- **Единица на локалана самоуправа и градот Скопје.**

Организаторот на волонтерската работа ја утврдува потребата од ангажирање на волонтери, видот на услугите и начинот и постапката за обезбедување на истите, врз основа на програма за волонтирање.

Организаторот на волонтерската работа не смее волонтерот да го стави во нееднаква положба поради расата, бојата на кожата, полот возраста, здравствената состојба, односно инвалидност, религиозното, политичкото или друго убедување, националното или социјалното потекло, статусот на семејството, имотната состојба, половата насоченост или заради други лични околности.

### *3.2. Надоместоци на лица волонтери*

Лицата волонтери имаат право на надоместок на трошоците поврзани со волонтерството и тоа:

- ***Надоместок на трошоци за храна и трошоци за превоз до и од местото на волонтирањето кој се исплатува најмногу во висина до 15%*** од просечна исплатена бруто плата по вработен за претходната 2019 година, која изнесува :

**5.617,00 денари**

односно **15%** од просечна исплатена месечна бруто плата за 2019 година која според Соопштението на ДЗС бр. 4.1.20.16 од 20.02.2020 година изнесува :

**37.446,00 денари.**

Трошоците за службени патувања и трошоци за обука кои се исплатуваат во иста висина како за вработените кај организаторот на волонтерската работа.

***Волонтер странско физичко лице има право и на трошоци за престој, здравствено осигурување и повратни патни трошоци.***

### *3.3. Даночен третман на надоместоците на волонтерите*

Согласно член 12 точка 15 од Законот за Данок на личен доход ("Службен весник на РМ" 241/2018; 247/19), е пропишано дека ***надоместокот на лицата волонтери се ослободува од данок на доход .***

Согласно член 9 став 1 точка 6 од Законот за Данок на добивка ("Службен нвесник на Р.М."80/93…232/19; 275/19), е пропишано дека надоместоците за лицата волонтери се даночно признати расходи односно не се **оданочуваат со данок на добивка.**

### *3.4. Пресметка на надомест и придонес за лицата ангажирани како волонтери*

Согласно член 9 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Службен весник на РМ" 142/08…232/19; 275/19), **Обврзник** за плаќање на придонес врз основа на инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда е лице кај кое повредата настанала со учество во волонтерската работа согласно со Законот, како и лица корисници на социјална помош и невработени лица, работно ангажирани за време на вршење на јавни работи.

Согласно член 13 од Законот за придонеси, обврзник за пресметка и уплата на придонесот за инвалидност и телесно оштетување со повреда ***е организаторот на волонтерската работа за лицата волонтери.***

Основица за пресметка на овој придонес е 50% од просечно исплатената месечна плата по работник во Р.М. објавена во Јануари во тековната година според податоците на ДЗС и тоа во висина од:

**38.319,00 x 50% = 19.160 денари**

Стапката за пресметување на овој придонес изнесува 4% од основицата. Според тоа придонесот за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда изнесува:

**19.160,00 x 4% = 766,00 денари**

Придонесот се плаќа со полнување на образецот МПИН при што обврзникот за пресметка и уплата на придонесот е должен податоците да ги достави до УЈП, најдоцна до 10-ти во тековниот месец за претходниот месец на следната уплатна сметка:

***843–(општина) 149 приходна 712113; подпрограма 00.***

### *3.5 Пример за пресметка на надомест и придонес за лица ангажирани како волонтери*

Јавна здравствен установа склучила договор со волонтер - физичко лице за вршење на волонтерски работи и тоа работа на програма за заштита на населението од заразни болести.

***Согласно Договорот за волонторање за месец ЈУЛИ/2020 година на волонтерот му е исплатено:***

| | | |
|---|---|---|
| *Надомест на исхрана и трошоците за превоз до и од место на волонтирање* | ***(37.446 x 15%)*** | ***5.617,00*** |
| *Придонес за инвалидност и телесно оштетување со повреда на работа или професинална болес* | **(18.009 x 4%)** | **766,00** |
| **Вкупно трошоци** | | **6.383,00** |

***НАПОМЕНА: Доколку договорот за волонтерство е склучен на поголем износ од пропишаниот износ од 6.383, 00 денари, на разликата се плаќа данок на доход.***

Вишокот исплатен износ заедно со персоналниот данок се додава во Даночниот биланс како Даночно непризнат расход.

Вкупните трошоци на јавната здравствена установа **за надоместок за храна и превоз од 5.617,00 денари** и придонесот за инвалидност и телесно оштетување со повреда на работа или професионална болест **од 766,00 денари** за ангажирање на лицето волонтер изнесуваат: **6.383,00 денари.**

**Книжење:**

| | | |
|---|---|---|
| 1981 - Придонес за инвалидност | 766,00 | |
| 1986 - Надомест за волонтери | 5.617,00 | |
| 255 - Обврски за други придонеси | | 766,00 |
| 225 - Обврски према грѓани | | 5.617,00 |

*-(пресметка по договор за волонтерство за м. март)*

| | |
|---|---|
| 4259901 - Други договорени услуги за волонтерски придонес | 766,00 |
| 4259902 - Други договорени услуги за волонтерски придонес | 5.617,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 1981 - Придонес за инвалидност | | 766,00 |
| 1986 - Надоместок за волонтери | | 5.617,00 |
| *-(за исплатени трошоци)* | | |
| 225 - Обврски спрема граѓани | 5.617,00 | |
| 255 - Обврски за други придонеси | 720,00 | |
| 1000 - Редовна сметка | | 6.383,00 |
| ***- (исплатени надоместоци по извод*** | | |

### *3.6 Пополнување на МПИН Пријавата за лица ангажирани како волонтери*

Образецот МПИН **се пополнува посебно за вработените, посебно за лицата волонтери.**

Во МПИН пријавата за пресметка и уплата на придонесите за волонтерите се пополнува на следниот начин:

| **Поле – 3.0 до поле 3.4** | | **Податоци за осигуреник** |
|---|---|---|
| Поле - 1.3 | Вид на обврска | 222 |
| Поле - 1.4 | Вид на обврзник | 110 |
| Поле – 3.5 | Траење на стаж во денови | 31 |
| Поле – 3.6 | Ефективна работа - часови | 184 |
| **Поле – 3.7** | **Износ на ефективна работа** | **5.617** |
| Поле – 3.14 | Основица за придонеси | 19.160 |
| Поле – 3.15 | Придонес за ПИОМ | 766 |
| **Поле - 3.17** | **Шифра за вид на осигурување** | **222** |
| Поле - 3.30 | Број на пријава/одјава задолжит-елно социјално осигурување | |
| Поле - 3.13 | Нето плата | 5.617 |
| **Поле - 3.31** | **Нето плата по задршка** | **5.617** |
| Поле - 3.32 | Број на трансакциска сметка | / |

# ЗАКОН ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА

***М-р Магдица Костадинова***

## *РОКОВИ ЗА РЕВИЗИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ, ОДНОСНО СОБИР НА СОДРУЖНИЦИ КАЈ ДОО И АД*

***Пролонгирањето на роковите за поднесувањето на ревидентираните финансиските извештаи и неколку кратното менување на роковите за одржување на собир / собрание на сопствениците и исплатата на дивиденди, конечно се утврдуваат со последните измени.***

### *ВОВЕД*

Владата на Македонија донесе Уредба со законска сила за примена на Законот за трговските друштва за време на вонредна состојба (“Службен весник на РСМ” 123/2020”), со која се уредуваат одредбите кои се однесуваат **на свикување и одржување годишно собрание на акционери и собир на содружници, од страна на органот на управување на акционерските друштва, односно органот на управување на друштвата со ограничена одговорност**.

Согласно одредбите на Уредбата, за акционерските друштва, кај кои започнал да тече рокот за свикување и одржување годишно собрание на акционери и за друштвата за ограничена одговорност кај кои започнал да тече рокот за свикување и одржување собир на содружници, **нема да се одржи годишно собрание на акционери, односно нема да се одржи собир на содружници, за време на траењето на вонредната состојба.**

**Започнатите постапки за свикување и одржување годишно собрание на акционери, односно собир на содружници, првично се одложија за време на траењето на вонредната состојба, но наведеното набрзо беше корегирано.**

## *1. НОВ РОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА РЕВИДИРАНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ*

Уредбата (“Службен весник на РСМ” 123/20), е надополнета со Нова Уредба со законска сила за примена на Законот за трговските друштва за време на вонредна состојба (“Службен весник на РСМ” 140/2020”).

Рокот за доставување на одобрените финансиски извештаи со годишниот извештај за работа, ревидираната годишна сметка, односно ревидираните финансиски извештаи за 2019 година, за големите и средни трговци организирани како акционерски друштва и за големите и средни трговци организирани како друштва со ограничена одговорност, не се опфатени со одредбите од Уредбата и истите обврски по овој основ се должни да ги завршат заклучно со 30.06.2020 година.

Друштвата чии хартии од вредност котираат на берза и на друштвата кои согласно Законот за хартии од вредност се со посебни обврски за известување, до Регистарот на годишни сметки при Централниот регистар на Република Северна Македонија, престанува да тече за време на траењето на вонредната состојба и продолжува по престанокот на траењето на вонредната состојба, за онолку денови колку што траела вонредната состојба.

За веродостојноста на сметководствените документи врз основа на кои се водат трговските книги, за рокот за усвојување на ревидираните финансиски извештаи, како и за рокот за доставувањето на одобрените финансиски извештаи, со годишниот извештај за работа, ревидираната годишна сметка, односно ревидираните финансиски извештаи за 2019 година до Регистарот на годишни сметки при Централниот регистар на Република Северна Македонија, за време на траењето на вонредната состојба, се применуваат одредбите од уредбата со законска сила (“Службен весник на РСМ” 78/20, 87/20 и 90/20).

За веродостојни сметководствени документи врз основа на кои се водат трговските книги, се сметаат и скенирани документи доставени по електронски пат.

Рокот за усвојување на ревидираните финанисиски извештаи од страна на собирот на содружници, односно собранието на друштво, со исклучок на друштвата чии хартии од вредност котираат на берза и друштва кои согласно Законот за

хартии од вредност се со посебни обврски за известување, престанува да тече за време на траењето на вонредната состојба и продолжува по престанокот на траењето на вонредната состојба, за онолку денови колку што траела вонредната состојба.

Рокот за доставување на одобрените финансиски извештаи со годишниот извештај за работа, ревидираната годишна сметка, односно ревидираните финансиски извештаи за 2019 година, за големите и средни трговци организирани како акционерски друштва и за големите и средни трговци организирани како друштва со ограничена одговорност, со исклучок на друштвата чии хартии од вредност котираат на берза и на друштвата кои согласно Законот за хартии од вредност се со посебни обврски за известување, до Регистарот на годишни сметки при Централниот регистар на Република Северна Македонија, престанува да тече за време на траењето на вонредната состојба и продолжува по престанокот на траењето на вонредната состојба, за онолку денови колку што траела вонредната состојба.

***Согласно последните измени од Уредбата, новиот рок да усвојување и доставување на финансиските извештаи се пролонгира, така да сите финансиски извештаи, треба да бидат усвоени од страна на Собирот на Содружници односно, Собранието на Акционери, најдоцна до 22 Септември 2020 година, а да бидат доставени до Централниот Регистар на РСМ, најдоцна до 30 Септември 2020 година.***

### *2. ОБВРЗНИЦИ ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА ИСТИТЕ*

*Секој голем и среден трговец,* ***трговците определени со закон, како и трговците кои вршат банкарски дејности, дејности на осигурување, трговците кои котираат на берза, како и трговците чии финансиски извештаи влегуваат во консолидирани финансиски извештаи, на претходно наведените трговци, имаат обврска да подготвуваат и да поднесуваат*** *финансиски извештаи,* ***во согласност со усвоените*** **меѓународни стандарди за финансиско известување, објавени во "Службен весник на РМ".**

### *2.1. Обврзници за вршење на ревизија*

Под ревизија на финансиските извештаи, се подведуваат следниве трговци:

1) големи и средни трговци, организирани како акционерски друштва;

2) друштва, чии хартии од вредност котираат на берза;

3) големи и средни трговци, организирани како друштва со ограничена одговорност и

4) друштва кои составуваат консолидирани финансиски извештаи.

Годишната сметка и финансиските извештаи, ги потпишува извршниот член на одборот на директори, односно раководното лице, именувано од страна на управниот одбор или ако нема такво, претседателот на управниот одбор, односно управителот, при што го наведува датумот на нивното составување и потпишување.

Подружница на странско правно лице е должна да ги објави финансиските извештаи на странското трговско друштво во дневен весник и да ги достави до Централниот регистар.

Останатите субјекти обврзани за изготвување на ревизорски извештаи, истите ги доставуваат до надлежните институции. ***Ревизијата испитува одредени искривувања и нелогичности во финансиските извештаи.***

### *2.2. Придобивки од ревизијата*

Погрешното искажување на податоците има силно влијание врз преземените чекори од страна на корисниците на финансиските извештаи.

Со ревизијата на финансиските извештаи, се потврдува и подигнува квалитетот на финансиското известување, кој е услов за објективни, непристрасни и квалитетни информации.

Квалитетната ревизија, обезбедува заштита на деловните субјекти, односно се зацврстува врската која ја создава довербата помеѓу менаџментот кој ги изготвува и ги поднесува финансиските извештаи и корисниците на информациите содржани во тие извештаи.

Корисата од ревизијата е пред се јакнење на одговорноста во финансиските извештаи и презентација на здрави финансиски информации, односно непристрасност во финансиското информирање.

Корисници на ревидираните финансиски извештаи, односно на ревизорското мислење, како клучен елемент се сите заинтересирани субјекти како акционери, вложувачи на капитал, добавувачи, купувачи, вработени, аналитичари, и надворешната јавност.

Потенцијалните вложувачи имаат поголема доверба во даденото мислење на ревизорските куќи и пoслободно одлучуваат за пласирање на расположивиот капитал.

## *3.СОБИР НА СОДРУЖНИЦИТЕ*

### *3.1. Состав на собирот на содружниците*

Собирот на содружниците го сочинуваат сите содружници. Управителот на друштвото, кој не е содружник, може да учествува во работата на собирот, без право на глас.

### *3.2. Надлежност на собирот на содружниците*

Собирот на содружниците ги врши следниве работи:

1) ги усвојува годишната сметка и годишните финансиски извештаи, како и годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година и одлучува за распределбата на добивката и за покривање на загубите;

2) ги избира и ги отповикува управителот, односно другите управители, ако друштвото избира повеќе управители, и одлучува за склучување на договорот меѓу друштвото и управителот;

3) ги избира и ги отповикува членовите на надзорниот одбор, односно избира и отповикува контролор, ако друштвото има орган на надзор;

4) одлучува за мерките за испитување и вршење контрола над водењето на работите;

5) донесува одлука да се поведе постапка за надомест на штетата што ја претрпело друштвото во врска со неговото основање и управување спрема управителот, членовите на надзорниот одбор или контролорот (ако друштвото има орган на надзор) и одлучува за назначувањето застапник за водење на споровите, ако друштвото не може да го застапуваат управителот, односно управителите или членовите на надзорниот одбор;

6) одобрува склучување договори за набавка што е поголема од една петтина од основната главнина;

7) одобрува склучување договори што друштвото ги склучува со свој содружник, управител или со нивните роднини во права линија без ограничување и странична линија до трет степен, освен ако тие договори се склучуваат под вообичаените услови на работење на друштвото;

8) одлучува за измена на договорот за друштвото и

9) врши и други работи определени со овој закон.

Со договорот за друштвото може да се определи собирот на содружниците да одлучува и за други прашања.

### *3.3. Лица кои можат да го свикаат собирот на содружниците*

Собирот на содружниците го свикува управителот, освен ако со договорот за друштвото, правото на свикување на собирот не му е дадено на друго лице.

Собирот на содружниците се свикува најмалку еднаш годишно, во писмена форма и во рокови предвидени со ЗТД и со договорот за друштвото секогаш кога тоа го бараат интересите на друштвото.

Собирот на содружниците мора да биде свикан без одлагање и тогаш кога тоа во писмена форма, со наведување на причините, ќе го побараат еден или повеќе содружници чиишто влогови заедно изнесуваат најмалку една десеттина од основната главнина.

Ако органот којшто е овластен да го свика собирот на содружниците не го свика собирот во рок од 15 дена од денот на доставувањето на барањето, содружниците кои го поднесле барањето можат сами да го свикаат собирот на содружниците при

што го утврдуваат и дневниот ред на собирот. Собирот на содружниците може да го свика и надзорниот одбор, односно контролорот, ако друштвото има орган на надзор.

Ако по барањето на еден или повеќе содружници чиишто влогови заедно изнесуваат најмалку 51% од основната главнина, управителот, односно надзорниот одбор не свика собир на содружниците во рок од 24 часа од денот на поднесувањето на барањето, содружниците можат да поднесат предлог за свикување на собирот до судот.

### *3.4. Начин за свикување и место на одржување на собирот на содружниците*

Собирот на содружниците се свикува со писмена покана, односно со друго известување по писмен пат што се доставува со препорачано писмо, со друга брза пошта или на друг погоден начин со доказ за прием од секој содружник, ако со договорот за друштвото поинаку не е определено.

Од денот кога писмената покана, односно другото известување по писмен пат е испратено до денот на одржување на собирот на содружниците, мора да изминат најмалку триесет (30) дена. Во поканата, односно во другото известување по писмен пат се наведува и дневниот ред.

Ако собирот на содружниците не е свикан уредно, може да се одлучува само ако се присутни сите содружници и ако тие не се противат на одржувањето на собирот.

Секој содружник има право да бара некое прашање дополнително да се внесе во дневниот ред на собирот. Содружникот мора да ги запознае другите содружници со својот предлог најдоцна три дена пред одржувањето на собирот. Прашањата што не се наведени во поканата, односно за коишто другите содружници не се дополнително запознаени три дена пред одржувањето на собирот на содружниците, можат да се внесат во дневниот ред и да се разгледуваат на самата седница на собирот, само ако се присутни сите содружници и ако тие не се противат на тоа.

Собирот на содружниците се одржува во седиштето на друштвото, освен ако со договорот за друштвото поинаку не е определено.

## *4. ГОДИШНО АКЦИОНЕРСКО СОБРАНИЕ*

Собранието на акционерското друштво, одлучува само за прашањата, кои што се изречно определени со ЗТД и со статутот на друштвото, а особено за:

1. *измена на статутот;*
2. *одобрување на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година и одлучување за распределбата на добивката;*
3. *избор и отповикување на членовите на одборот на директори и на членовите на надзорниот одбор;*
4. *одобрување на работата и на водењето на работењето со друштвото на членовите на органот на управување и на надзорниот одбор;*
5. *промена на правата врзани за одделни родови и класи акции;*
6. *зголемување и намалување на основната главнина на друштвото;*
7. *издавање акции и други хартии од вредност;*
8. *назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи, ако друштвото има обврска да ги подготвува;*
9. *преобразба на друштвото во друга форма на друштво, како и за статусните промени на друштвото и*
10. *престанување на друштвото.*

Собранието избира претседавач со седницата на собранието, записничар и двајца акционери - заверувачи на записникот, освен ако записникот не го води нотар.

Собранието избира и комисија за спроведување тајно гласање и други физички лица (бројачи на гласови и други), ако тоа е потребно за вршење други работи коишто го овозможуваат непреченото одвивање на работата на собранието на начин и според условите определени со ЗТД и со статутот.

### *4.1. Специфичности за годишното собрание*

Членот 384 од ЗТД го опфаќа, годишното собрание на акционерското друштво. Годишното собрание го свикува органот на управување најдоцна три месеца по составувањето на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година, а не подоцна од шест месеца од завршувањето на календарската година или 14 месеца од одржувањето на последното годишно собрание.

**На годишното собрание се разгледуваат и се усвојуваат годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година, се одлучува за употребата на чистата добивка или за покривање на загубата и се одобрува работата на членовите на органот на управување и на надзорниот одбор.**

Годишното собрание по завршувањето на деловната година, задолжително одлучува за одобрување на работата и за водењето на работењето на друштвото од страна на членовите на органот на управување и за работата на членовите на надзорниот одбор. За одобрување на работата на членовите на органите на друштвото се гласа одделно за секој член на органот.

Расправата и одобрувањето на работата на органот на управување, односно на надзорниот одбор, односно за начинот на водењето на работењето на друштвото мора да биде поврзана со расправата за годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година.

### *4.2. Годишен извештај за работењето*

Во годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година, органот на управување има обврска објективно да ги презентира и да ги објасни главните фактори и околностите коишто влијаеле на определувањето на работењето, вклучувајќи ги и промените во опкружувањето во чиишто рамки друштвото дејствува.

Одговорот на друштвото на промените и нивното влијание, политиката на вложувања за одржување и за поддршка на успешноста во работењето на друштвото, вклучувајќи ја и политиката на дивиденди, изворите на средствата на друштвото, политиката на односот на долгорочниот долг спрема основната главнина и политиката на управување со ризикот, се исто така вклучени во извештајот.

Големите зделки и зделките со заинтересирана страна со прикажани податоци за висината на износот на трансакциите кои се извршени врз основа на зделка со заинтересирана страна и начинот и постапката во која била одобрена зделката со заинтересирана страна, име, презиме и адреса на заинтересираната страна, ако е физичко лице, или назив и седиште ако заинтересираната страна е правно лице, се исто задолжена ставка во извештајот.

Средствата на друштвото чијашто вредност не е одразена во билансот на состојбата според меѓународните стандарди за финансиско известување, изгледите за идниот развој на друштвото и неговиот деловен потфат, активностите во сферата на истражувањето и развојот, како и информациите во врска со стекнувањето сопствени удели или акции, во зависност од релевантните околности, го заокружуваат сетот на задолжителните елементи.

### *4.3. Задолжителна објава на примања*

Во годишниот извештај на друштвото се објавуваат и примањата на секој извршен член на одборот на директори и на член на управниот одбор (плата, надоместоци на плата, бонус, осигурувања и други права), односно надоместокот на неизвршните членови на одборот на директори и на членовите на надзорниот одбор. Во Годишниот извештај на друштвото задолжително се објавуваат и детални податоци за примањата во други друштва (плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права) за извршните членови на одборот на директори, членовите на управниот одбор, неизвршните членови на одборот на директори и членовите на надзорниот одбор, доколку истите членуваат во органи на управување на други друшта. Во Годишниот извештај на друштвото задолжително се објавуваат и детални податоци за вработува-

њето (назив на работодавач, дејност, висина на плата, надоместоци на плата, бонус, осигурувања и други права) за извршните членови на одборот на директори, членовите на управниот одбор, неизвршните членови на одборот на директори и членовите на надзорниот одбор, доколку истите имаат засновано работен однос кај други работодавачи.

Ако годишното собрание не ја одобри работата на органот на управување, односно на надзорниот одбор или на некои од членовите на овие органи на истата седница, собранието може да одлучи да пристапи кон избор на сите членови на органот на управување, односно на надзорниот одбор или кон избор на нови членови на овие органи на местото на оние на кои собранието не им ја одобрило работата.

Собранието може да одлучи членовите на органот на управување, односно на надзорниот одбор на кои им ја одобрило работата да продолжат да ги вршат неодложните работи во друштвото до изборот на полниот состав на овие органи што се врши на продолжена седница што се одржува во рок не пократок од осум дена и не подолг од 15 дена од денот на објавувањето на датумот на кој што ќе продолжи седницата на годишното собрание. Денот на одржувањето на продолжената седница се објавува во дневен весник.

## *5. ПОКАНА И ЈАВЕН ПОВИК ЗА СВИКУВАЊЕ СОБРАНИЕ*

Собранието може да биде свикано со покана или со објавување јавен повик или со покана и со објавување јавен повик до акционерите.

Собранието се свикува со праќање покана до сите акционери чиишто акции им даваат право на учество во работата на собранието коешто се свикува. Поканата се испраќа според изводот од акционерската книга, којшто не е постар од три дена до денот на испраќањето на поканата.

Јавниот повик за одржување на седница на собранието се објавува на половина страница во најмалку еден дневен весник што излегува на целата територија на Република Македонија. Друштво чии акции котираат на берза и друштво кое согласно со Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување, треба да ја објават содржината на јавниот повик

и на насловната страница од својата официјална интернет страница, а кога нивните акции котираат на берза да ја поднесат за објавување и на интернет страницата на берзата.

Испраќањето на поканата се врши на начин којшто овозможува да се потврди датумот кога е испратена и датумот кога е примена од секој акционер.

Рокот којшто тече од денот на објавувањето на јавниот повик, односно од денот на испраќањето на поканата за учество на собранието до денот на одржувањето на собранието не може да биде пократок од 30 дена до денот на одржувањето на собранието.

Органот на управување го определува денот ( датумот на евиденција) којшто ќе го користи за испраќање покани според изводот од акционерската книга, којшто не може да биде подолг од три дена.

Собранието може да донесе одлука за свикување на седница на собрание која не е редовна годишна седница на еден од начините пропишани во овој член во рок кој не може да биде подоцна од четиринаесеттиот ден пред денот на кој треба да се одржи седницата на собранието, ако друштвото има воспоставено или користи електронски систем со кој му се овозможува на секој акционер електронски да гласа. Одлуката за свикување на седница на собрание, собранието на друштвото ја донесува со мнозинство гласови кое не може да изнесува помалку од две третини од акциите со право на глас претставени на собрание и рокот за нејзиното важење не може да биде подоцна од одржувањето на првото наредно годишно собрание на друштвото.

Ако седницата на собранието која била свикана на начин како што е пропишано во овој член нема да се одржи поради немање кворум, во рок кој не е подолг од 15 дена од денот на којшто требало да се одржи уредно свиканата седницата на собранието, се закажува нов датум за одржување на собранието (одложена седница на собрание). Свикувањето на одложената седница на собранието, како и секое наредно свикување може да биде во рок којшто е различен од рокот определен во овој член под услов да не е ставена нова точка на дневниот ред и ако изминале најмалку десет дена од датумот кога е извршено последното свикување и датумот кога требало да се одржи седницата на собранието.

Трошоците за објавување на јавниот повик, односно за испраќање на поканите за свикување на седница на собранието на друштвото, паѓаат на товар на друштвото.

### *6. ЗАДОЛЖИТЕЛНА ОБЈАВА НА ИНФОРМАЦИИ*

Во период кој не може да започне подоцна од дваесет и првиот ден пред денот на одржување на седница на собранието на друштвото, како и на денот на одржувањето на седницата на собранието, друштвото чии акции котираат на берза, односно друштвото кое согласно со Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување на својата интернет страница ги објавува најмалку следниве информации:

1) содржината на јавниот повик, односно поканата за свикување на седница на собрание на друштвото;

2) вкупниот број на акции и вкупниот број на гласачки права кои произлегуваат од акциите со право на глас на денот на објавата на јавниот повик, односно на денот на испраќање на поканата, вклучително и вкупен број на акции од секој род и класа;

3) документи и материјали кои ќе се разгледуваат на седницата на собранието на друштвото;

4) предложените одлуки за донесување или каде што такви нема предложено, мислења на овластен орган или тело на друштвото по секоја точка од предложениот дневен ред на седницата на собранието на друштвото;

5) предложените одлуки од акционерите кои друштвото веднаш откако ќе ги прими треба да ги објави и

6) обрасците за гласање преку полномошник и обрасците за гласање со кореспонденција подготвени за преземање електронски од страна на акционерите. Во случај ако друштвото на акционерите не им ги направи обрасците достапни за електронско преземање од неговата интернет страница, тогаш на истата страница друштвото објавува како обрасците можат да се добијат во писмена форма и на свој трошок, а по барање на акционер, ги доставува обрасците.

Во случај ако се свикува седница на собрание на друштвото врз основа на членот 387 од овој закон, а јавниот повик е објавен, односно поканата е испратена подоцна од дваесет и првиот ден пред денот на одржувањето на седницата, рокот од овој член се утврдува согласно со членот 387 став 7 од закон.

# ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА

*дипл. правник Христина Игнатоска*

## *ПРЕОБРАЗБА НА ДРУШТВО ОД ЕДНА ВО ДРУГА ФОРМА НА ДРУШТВА*

***Ако друштвото се преобразува во акционерско друштво, претседателот на одборот на директори, односно претседателот на управниот одбор, најдоцна во рок од осум дена од денот на уписот на преобразбата во трговскиот регистар, му дава налог на Централниот депозитар за хартии од вредност да отвори акционерска книга. Ако акционерското друштво се преобразува во друга форма на друштво, управителот најдоцна во рок од осум дена од денот на уписот на преобразбата во трговскиот регистар му дава налог на Централниот депозитар за хартии од вредност да ја затвори акционерската книга.***

### *ВОВЕД*

Законот за трговски друштва (“Службен весник на РМ” број 28/04……120/18) во членовите 510- 516 го уредува начинот на преобразба на друштво од една форма во друга. Согласно Законот за трговски друштва, преобразбата на друштво од една форма во друга се врши со одлука за преобразба на друштвото од една форма во друга форма на друштво. По донесувањето на одлуката за преобразба Законот им дава право на сите содружници односно акционери да се изјаснат дали сакаат со нивниот удел односно акции да учествуваат со уделот односно акциите во формата на друштвото што ќе настане со преобразбата.

На содружник, односно на акционер кој преку изјава дадена во писмена форма не се согласил со преобразбата на друштвото во друга форма на друштво, друштвото е должно да му го откупи уделот, односно акциите според цена соодветна на усвоениот биланс на состојба утврден во одлуката за преобразба на друштво (понудена цена).

Ако содружникот, односно акционерот не ја прифати понудената цена најдоцна во рок од 30 дена од денот на одбивањето на понудата, може да поднесе предлог до судот да ја утврди вредноста на уделот, односно на акциите.

Содружникот, односно акционерот ги губи сите права од уделот, односно од акциите, освен правото на надомест за неговиот удел, односно за неговите акции.

## *1. ОДЛУКА ЗА ПРЕОБРАЗБА НА ДРУШТВОТО ОД ЕДНА ВО ДРУГА ФОРМА НА ДРУШТВО*

Согласно член 510 од Законот за трговски друштва (“Службен весник на РМ” 28/04...24/11), преобразба на друштво од една во друга форма на друштво се врши ***врз основа на одлука за преобразба на друштво од една во друга форма на друштво*** (во натамошниот текст: ***одлука за преобразба***) којашто ја донесува собирот на содружниците, односно собранието.

Одлуката за преобразба, ја донесува собирот на содружниците, односно собранието *со мнозинство гласови* коешто не може да изнесува под две третини од сите претставени удели, односно акциите со право на глас, освен ако со договорот за друштвото, односно статутот не се бара поголемо мнозинство.

Одлуката за преобразба на јавно друштво, односно на командитно друштво во друга форма на друштво се врши со согласност на сите содружници, односно комплементари. Одлуката за преобразба на командитно друштво со акции во друга форма на друштво се врши со согласност на собранието на која одлука согласност даваат сите комплементари.

Одлука за преобразба на друштво со ограничена одговорност, односно на акционерско друштво во јавно друштво се донесува со согласност на сите содружници, односно акционери.

На собирот на содружниците, односно собранието на коешто се одлучува за преобразбата, се усвојува годишна сметка до денот на одлучувањето за преобразба на друштвото, заедно со извештајот од овластениот ревизор.

Органот на управување, односно содружниците, овластени да го управуваат друштвото, мора да состават известување во писмена форма, во коешто се образложени причините, правните и деловните прашања од значење за преобразбата и да го сторат достапно на сите содружници, односно акционери. Известувањето во писмена форма се доставува како дел од материјалите кои се доставуваат до содружниците, односно акционерите за собирот на содружниците, односно собранието на коешто се одлучува за преобразбата.

### *1.1 Содржина на одлуката за преобразба на друштвото од една форма во друга форма на друштво*

Одлуката за преобразба ги содржи следниве податоци:

- *фирмата на друштвото коешто се преобразува и фирмата на друштвото во коешто се преобразува;*
- *името и презимето на секој содружник, односно акционер, ЕМБГ, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта или на друга исправа за утврдување на идентитетот важечка во неговата земја ако содружникот, односно акционерот е странско физичко лице и неговото државјанство, како и местото на живеење, односно фирмата, седиштето, ЕМБС ако содружникот, односно акционерот е правно лице;*
- *упатување на договорот за друштвото, односно на статутот којшто е прилог кон одлуката за преобразба и е нејзин составен дел;*
- *упатување на одлуката за избор на орган на управување, односно на орган на надзор, ако друштвото има орган на надзор и*
- *упатување на усвоената годишна сметка*

На содржината на договорот за друштвото, односно на статутот соодветно се применуваат одредбите од законот за трговски друштва со коишто се уредува содржината на договорот за друштвото, односно на статутот при основање на формата на друштвото што настанува со преобразбата.

Ако отстапувањето удели на друштвото што ја менува формата е условено со согласност на содружниците кои покрај уплатите на влоговите имаат и други обврски кон друштвото, за полноважноста на одлуката за преобразба е потребна и нивна согласност.

## *2. УСЛОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ПРЕОБРАЗБАТА*

Согласно член *512* од Законот за трговски друштва ("Службен весник на РМ" 28/04...120/18), друштвото може да се преобрази од една во друга форма на друштво под следниве услови:

- ✓ по донесувањето на одлуката за преобразба да им се овозможи на сите содружници, односно акционери да се изјаснат дали сакаат со нивниот удел, односно со нивните акции да учествуваат со уделот, односно со акциите во формата на друштвото што ќе настане со преобразбата;
- ✓ во преобразената форма на друштвото, содружникот, односно акционерот да учествува со уделот, односно со акциите сразмерно на номиналната вредност на неговиот удел, односно на неговите акции со коишто учествувал како содружник, односно акционер во основната главнина на друштвото што се преобразило;
- ✓ содружникот, односно акционерот да може самостојно да одлучи за големината на неговото учество со удел, односно со бројот на акциите во формата на друштво којашто ќе настане со преобразбата и
- ✓ во друштвото што ќе настане со преобразбата да учествуваат содружници, односно акционери чиешто учество на нивните номинални удели, односно акции да изнесува најмалку две третини од основната главнина на друштвото што настанува со преобразбата.

Ако основната главнина не биде покриена со учеството на содружниците односно акционерите чиешто учество на нивните номинални удели, односно акции да изнесува најмалку две третини од основната главнина на друштвото што настанува со преобразбата, основната главнина може да се дополни со влогови што можат да се преземат и од лица кои не се содру-

жници, односно акционери, што можат да се уплатат само во пари и тоа во потполност пред уписот на одлуката за преобразба во трговскиот регистар, или содружниците, односно акционерите се обврзани да ја доплатат разликата, сразмерно на учеството на нивните влогови, во основната главнина на друштвото што ќе настане со преобразбата.

Вредноста на одделен удел, односно на одделна акција, се пресметува врз основа на билансот на состојбата којшто се составува за таа цел и којшто е составен дел на одлуката за преобразба.

### *3. ПРЕЗЕМАЊЕ НА УДЕЛ ОДНОСНО АКЦИИ*

Согласно член 513 од Законот за трговски друштва (“Службен весник на РМ” 28/04...120/18), преземање удели се врши со изјави заверени кај нотар, а преземањето акции се врши со уписница.

Ако одлуката за преобразба чиј составен дел е и договорот за друштвото, односно статутот биде усвоена на собирот на содружниците, односно собранието на коешто се одлучува за неговата преобразба во друга форма на друштво, на барање на мнозинството, содружници, односно акционери кои учествуваат во работата на собирот на содружниците, односно собранието можат на собирот на содружниците, односно на самото собрание да дадат изјави за преземање удел, односно акции што се внесуваат во записникот на собирот на содружниците, односно на собранието, под услов записникот да го води нотар и нивната содржина да одговара на одредбите од законот за трговски друштва.

Содружниците, односно акционерите кои не присуствувале на собирот на содружниците, односно на собранието, во рок од три дена по одржувањето на собирот на содружниците, односно на собранието, се повикуваат со јавен повик, во рок кој не може да биде покус од еден месец, но не подолг од два месеца од денот на објавувањето на јавниот повик да дадат изјава дали се согласуваат да преземат удели, односно акции во друштвото што ќе настане со преобразбата.

Јавниот повик се објавува најмалку во еден дневен весник. Содружниците, односно акционерите изјавата за преземање удел, односно акции, заверена кај нотар, можат да ја дадат најдоцна во рокот утврден во јавниот повик.

Сите содружници, односно акционери кои се согласиле да бидат содружници во друштво со ограничена одговорност, содружници како командитори, односно комплементари во командитно друштво, командитно друштво со акции, односно содружници во јавно друштво мораат да дадат изјава во писмена форма дека го прифаќаат договорот за друштвото. Потписот на изјавата се заверува кај нотар.

Сите содружници кои се согласиле да бидат акционери во преобразеното друштво мораат да потпишат уписница за бројот на акциите што ги преземаат.

Кога се врши преобразба на друштво со ограничена одговорност, односно на акционерско друштво во јавно друштво, содружниците, односно акционерите кои не присуствувале на собирот на содружниците, односно на собранието можат изјавата од ставот (4) на овој член да ја дадат во рок не подолг од 30 дена од денот на одржувањето на собирот на содружниците, односно на собранието.

Одредбите на овој закон за основната главнина, влоговите во друштвото, уделите, односно акциите соодветно се применуваат во случај на преобразба на друштво од една во друга форма на друштво.

### *4. УПИС НА ПРЕОБРАЗБАТА ВО ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РМ*

Согласно член 514 од Законот за трговски друштва ("Службен весник на РМ" 28/04...120/18), преобразбата од една во друга форма на друштво се запишува во трговскиот регистар.

По донесувањето на одлуката за преобразба се поднесува пријава за упис во трговскиот регистар. Пријавата ја потпишуваат членовите на органот на управување, управителот, претседателот на надзорниот одбор, односно контролорот на друштвото кои се назначени со договорот за друштвото, односно со статутот.

Кон пријавата за упис на преобразбата во трговскиот регистар се приложуваат во оригинал, препис или заверена копија кај нотар:

- записникот од собирот на содружниците, односно од собранието на кое е донесена одлуката за преобразба, заверен кај нотар;
- изјава на сите членови на органот на управување, односно на управителот, а ако друштвото има орган на надзор и изјава на членовите на надзорниот одбор, односно на контролорот, односно на содружниците во јавното друштво и комплементарите во командитното друштво и командитното друштво со акции дека се исполнети условите за преобразба на друштвото во друга форма на друштво, пропишани во овој закон;
- одлуката за преобразба со прилозите определени со овој закон;
- список со името и презимето на секој содружник, односно акционер, ЕМБГ, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта или на друга исправа за утврдување на идентитетот важечка во неговата земја ако содружникот, односно акционерот е странско физичко лице и неговото државјанство, како и местото на живеење, односно фирмата, седиштето, ЕМБС ако содружникот, односно акционерот е правно лице, со назначување на големината на уделот, односно на бројот на акциите што ги презема секој содружник, односно акционер сразмерно на номиналната вредност на уделот на содружникот, односно номиналната вредност на акциите на секој акционер што ги поседуваат во основната главнина на друштвото што настанува со преобразбата;
- список во којшто поименично се наведуваат содружниците, односно акционерите кои гласале за усвојување на одлуката за преобразба;
- одлуката за избор на органот на управување, на надзорниот одбор или на контролорот, ако друштвото има орган на надзор, односно одлука за назначување на содружниците, односно лицата кои според договорот за друштвото се овластени за застапување, којашто е

прилог кон одлуката за преобразба и е нејзин составен дел;

- изјавите на содружниците за преземање на уделите и за прифаќање на договорот за друштвото, без разлика дали се внесени во записникот, или се дадени на друг начин, определен со овој закон, односно уписниците за преземање акции;
- годишната сметка до денот на одлучувањето за преобразба на друштвото, заедно со извештајот од овластениот ревизор и
- изјавата во согласност со членот 32 од овој закон.

Со уписот на преобразбата во трговскиот регистар, друштвото продолжува да работи како друштво во формата во којашто се преобразило.

Ако, наведената пријавата не биде поднесена во рок од 90 дена од денот кога на собирот на содружниците, односно на собранието ја донело одлуката за преобразба, се смета дека одлуката не е донесена.

### *5. ПРЕТВОРАЊЕ НА АКЦИИ ВО УДЕЛИ И ОБРАТНО*

Согласно член 515 од Законот за трговски друштва ("Службен весник на РМ" 28/04...120/18), по уписот на преобразбата во трговскиот регистар, врз основа на изјавите за преземање удели, односно уписниците за преземање акции и потврдата за стекнатиот удел, односно за стекнатите акции во преобразеното друштво, уделите, односно акциите се запишуваат во книгата на удели, односно во акционерската книга. Оваа потврда ја издава органот на управување на друштвото што се преобразува.

Ако друштвото се преобразува во акционерско друштво, претседателот на одборот на директори, односно претседателот на управниот одбор, најдоцна во рок од осум дена од денот на уписот на преобразбата во трговскиот регистар, му дава налог на Централниот депозитар за хартии од вредност да отвори акционерска книга.

Ако акционерско друштво се преобразува во друга форма на друштво, управителот најдоцна во рок од осум дена од денот на уписот на преобразбата во трговскиот регистар му дава налог на Централниот депозитар за хартии од вредност да ја затвори акционерската книга.

Правата на трети лица спрема уделите, односно акциите од друштвото што се преобразило се пренесуваат како права на трети лица спрема уделите, односно спрема акциите во друштвото што настанало со преобразбата.

### *6. ПРАВАТА НА СОДРУЖНИЦИТЕ ОДНОСНО АКЦИОНЕРИТЕ ПО ИЗВРШЕНАТА ПРЕОБРАЗБА НА ДРУШТВОТО*

Согласно член 516 од Законот за трговски друштва (“Службен весник на РМ” 28/04...120/18), на содружник, односно на акционер кој преку изјава дадена во писмена форма не се согласил со преобразбата на друштвото во друга форма на друштво, друштвото е должно да му го откупи уделот, односно акциите според цена соодветна на усвоениот биланс на состојба утврден во одлуката за преобразба на друштво (понудена цена). Ако содружникот, односно акционерот не ја прифати понудената цена најдоцна во рок од 30 дена од денот на одбивањето на понудата, може да поднесе предлог до судот да ја утврди вредноста на уделот, односно на акциите.

Содружникот, односно акционерот ги губи сите права од уделот, односно од акциите, освен правото на надомест за неговиот удел, односно за неговите акции.

Содружник, односно акционер од друштвото што се преобразува може да го поднесе предлогот за утврдување на вредноста на уделот до судот само преку привремен застапник, којшто тие го назначуваат.

Привремениот застапник има право на надомест на трошоците, како и на награда за својата работа. Ако содружникот, односно акционерот сам не ги определи трошоците и наградата, нив ги утврдува судот според околностите на секој одделен случај и определува во кој обем треба да ги надоместат поранешните содружници, односно акционери кои се од тоа засегнати.

Судот, врз основа на извештајот за процена, подготвен од овластен проценител назначен од судот, ја определува вредноста на уделот, односно на акциите на содружникот, односно на акционерот кој се спротивставува. Во овој случај, трошоците паѓаат на товар на друштвото. Ако проценителот утврди дека цената за удел, односно за акциите што ја определило друштвото е иста или помала од онаа што ја утврдило друштвото, трошоците за процената паѓаат на товар на содружникот, односно акционерот кој го поднел барањето. Содружникот, односно акционерот со предлогот може да бара и камата.

По правосилноста на одлуката на судот , друштвото што настанало со преобразбата го определува рокот за подигање на исплатата што не може да биде пократок од еден месец. По истекот на овој рок, парите се полагаат кај судот.

Содружниците, односно акционерите од друштвото што се преобразува не можат да имаат други барања од имотот на друштвото што настанува со преобразбата, врз основа на преобразбата.

# ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ

дипл.

*економист: Јулија Минковска*

## П Л А Т И
## ЗА МЕСЕЦ АВГУСТ 2020 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| *Просечна месечна бруто плата исплатена во РМ за 2020 година (за даноци и придонеси)* | *38.319,00* |
| *Најниска основица за ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ 50% од просечна месечна бруто плата исплатена во РМ.за 2020 година за образец (МП – ИН)* | *19.160,00* |
| *Највисока основица за пресметка на придонеси (16 просечни бруто плти (16 x 38.319)* | *613.104,00* |
| *Даночно ослободување за 2020 година* | *8.228,00* |
| *Дневница за службени патувања од 20.08.2020* | *2.109,00* |
| *Просечна исплатена месечна НЕТО плата по вработен за 2019 година* | *25.213,00* |
| *Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за 2019 година* | *37.446,00* |

### *1. НАЈНИСКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ*

Согласно член 15 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување (“Службен весник на РМ” 142/08.... 171/17; 35/18; 247/18), ***Основица*** за пресметување и плаќање на придонесите од плата, односно основица за осигурување, ***не може да биде пониска од 50%*** од просечна плата по работник во Република Македонија, објавена во Јануари во тековната година, според податоците на ДЗС, **која за *2020* година, изнесува:**

**19.160,00 денари (38.319,00 x 50%)**

За самовработено лице кое врши професионална и друга интелектуална услуга, Основица за пресметување и плаќање на придонесите, односно основица за осигурување за тековната година неможе да биде پониска од просечна плата по работник во Р.М. објавена во Јануари во тековната година, според податоците на ДЗС која за 2020 година изнесува:

**38.319,00 денари**

## *2. НАЈВИСОКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ*

Согласно член 16 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување***, НАЈВИСОКА месечна основица*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата од работен однос е износот ***од (16) шеснаесет просечни плати*** кој износ за 2020 година, изнесува:

**613.104,00 денари (16 х 38.319,00 денари).**

***Највисока месечна основица*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата на Извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво, односно управител во трговско друштво, е износот од ***(16) шеснаесет*** просечни плати кој за 2019 година, изнесува.

**613.104,00 денари (16 х 38.319,00 денари).**

Највисока месечна основица за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице е износот од ***(12) дванаесет просечни плати.***

**459.828,00 денари (12 х 38.319,00 денари).**

***Највисока месечна основица*** за пресметување и уплата на придонеси за тековната година за лице корисник на паричен надоместок за време на привремена невработеност ***изнесува 80% од просечната плата*** по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика.

**30.655,00 денари (38.319,00 денари х 80%).**

При пресметка на највисоката месечна основица за тековната година се зема предвид просечната плата по работник во Република Македонија објавена во ***ЈАНУАРИ*** во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика, ***која за 2020 година изнесува: 38.319,00 денари.***

**НАПОМЕНА: На износот повисок од највисоката месечна основица, не се пресметуваат и уплатуваат придонеси, само на разликата до највисоката основица се пресметува Данок на доход.**

### *3. ПРЕГЛЕД НА НАЈНИЗОК И НАЈВИСОК ИЗНОС НА ПРИДОНЕСИ*

| **ПРИДОНЕСИ** | **Стапка** | **Најнизок износ** | **Највисок износ** |
|---|---|---|---|
| Придонесот за пензиско и инвалидско осигурување за месец ***АВГУСТ/2020 година,*** по вработен | 18,8% | ***3.602,00*** | ***115.264,00*** |
| Придонесот за здравствено осигурување за месец ***АВГУСТ/2020 година***, по вработен | 7,5% | ***1.437,00*** | ***45.983,00*** |
| Придонесот за вработување за месец ***АВГУСТ/2020 година***, по вработен | 1,2% | ***230,00*** | ***7.357,00*** |
| Придонесот за професионално заболување за месец ***АВГУСТ/2020 година,*** по вработен. | 0,5% | ***96,00*** | ***3.066,00*** |
| ***ВКУПНО ПРИДОНЕСИ:*** | **28%** | ***5.365,00*** | ***171.670,00*** |

## *4. МИНИМАЛНА ПЛАТА*

Согласно Законот за минималната плата во РМ ("Службен весник на РМ" 24/12; 30/14; 100/14 пт; 180/14; 81/15; 129/15; 132/17; 140/18; 124/19; 202/19; 239/19; 88/20), висината на минималната плата во Република Македонија ***од 01.07/2020 до 31.03.2021 ке изнесува:***

**- 14.934,00 денари НЕТО износ;**
**- 21.776,00 денари БРУТО износ**

## *5. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД*

### *5.1. Стапки за пресметување на данок на личен доход (од 01.01.2020 до 31.12.2022 година)*

Согласно член 12 од Законот за данок на личен доход ("Службен весник на РМ" 241/2018; 275/19), данокот на личен доход за данок од работа се плаќа со примена на две даночни стапки согласно даночната основа и тоа::

- ***Пропишана стапка во износ од 10% или***
- ***Пресметана стапка од 11,1111%.***

### *5.2. Даночно намалување*

Согласно член 10 став 1 точка 2 од Законот за Данок на личен доход, ***Даночното намалување за 2020*** година, на месечно и годишно ниво, изнесуваат:

| **Период** | **2020 година** |
|---|---|
| ***Месечно*** | ***8.228,00*** |
| ***Годишно*** | ***98.736,00 (8.228 x 12)*** |

## *6. ПРАВО НА ПОРАСТ НА ПЛАТИТЕ*

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на РМ" 70/94; 62/95; 33/97; 50/01; 26/02; 46/02; 37/05; 121/007; 161/08; 92/09; 97/10; 11/12; 26/13; 170/13; 139/14; 147/15), Министерството за труд и социјална политика, објавува:

1.Трошоците за живот за месец ***МАЈ/2020*** год. во однос на месец ***АПРИЛ/2020*** година ***се ПОВИСОКИ за (0,4%).***

2. Право на пораст на платите за месец ***МАЈ/2020*** во однос на месец ***АПРИЛ/2020*** година, ***износува (0,20%).***

## 7. РАБОТНИ ЧАСОВИ КОИ СЕ КОРИСТАТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА РАБОТНИОТ СТАЖ

Работните часови за месец ***(АВГУСТ) 2020*** година, изнесуваат: ***168 часа.***

## *8. НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА*

### *8.1. Надоместоци од плата за ОПШТЕСТВЕНИ И МЕШОВИТИ правни лица со повеќе од 49% општествен капитал*

Просечна исплатена месечна нето плата по вработен за месец ***(VI) АВГУСТ/2020 година*** изнесува:

***26.867,00 денари***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр. **4.1.20.75 од 20.08.2020).***

Согласно член 9 од Законот за исплата на платите во РМ, работодавецот може да врши исплата на следните надоместоци, согласно **ОСНОВИЦАТА од** ***26.867,00 денари:***

**За ОПШТЕСЕТВЕНИ правни лица**

| |
|---|
| **РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР**<br>**(60% од основицата ) (*26.867,00 х 60%)***<br>***16.120,00 денари***<br>***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход 11,1111%*** |
| **ОТПРЕМНИНАТА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ**<br>**НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА**<br>**(двократен износ од основицата *(2 х 26.867,00)*:**<br>***53.734,00 денари***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 53.734,00 денари*** |
| **ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО*:***<br>***(60% од основицата) (26.867,00 х 60%)***<br>***16.120,00 денари***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 16.120,00 денари*** |

Просечна исплатена месечна ***БРУТО*** плата по вработен за месец ***(VI) АВГУСТ/2020 година***, изнесува:

***40.107,00 денари***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр**. 4.1.20.74 од 20.08.2020).***

***8.2. Надоместоци од плата за ПРИВАТЕН СЕКТОР***

Просечна исплатена месечна ***НЕТО ПЛАТА*** по вработен во претходните три месеци ***(IV-V-VI/2020 година) АВГУСТ/2020 година*** изнесува:

***26.363,00 денари***

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.20.75 од 20.08.2020).***

Износот ***26.363,00 денари*** претставува ***ОСНОВИЦА*** за пресметување на следните надоместоци **за *ПРИВАТНИ правни лица***

***РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР***

**Регрес за годишен одмор (**Согласно член 35 став 7 од ОКДПС, Регресот за годишен одмор се исплатува во висина од ***најмалку 40%*** од основицата, под услов работникот да работел најмалку 6 месеци во календарската година кај ист работодавач):

- ***НАЈНИЗОК износ за исплата на Регрес за годишен одмор за месец АВГУСТ/2020 година изнесува:***

***10.545,00 денари во нето износ***

***(26.363,00 x 40%)***

- ***НАЈВИСОК износ за исплата на Регрес за годишен одмор за месец АВГУСТ/2020 година во висина на основицата:***

***26.363,00 денари***

**Даночно признат расход во Даночен биланс** (40% од просечна месечна бруто плата по работник во РМ објавена до денот на исплатата)

***16.043,00 денари*-БРУТО износ *(40.107 x 40%)***

***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход по стапка од 11,1111%***

***ОТПРЕМНИНА***

**при заминување на работник во пензија (*двократен износ од основицата (2 x 26.363)***

***52.726,00 денари***

***Ослободен износ од Данок на личен доход до 52.726,00 ден.***

***ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА***

**за најмалку 10 години поминати кај ист работодавец (*во висина на основицата*)**

***26.363,00 денари***

***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%***

***ОДВОЕН ЖИВОТ***

**од семејството (60% од основицата - 60% од *26.363,00)***

***15.818,00 денари***

***Ослободен од Данок на личен доход до 15.818,00 ден.***

***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА***

**(8% од основицата (8% од *26.363,00)*)**

***2.109,00 денари* (**

***Ослободен износ од Данок на личен доход до 2.109,00 ден.***

***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО СТРАНСТВО***

- ***50% од утврдената дневница***, ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на Управата;
- ***20% од утврдената дневница,*** ако издатоците за сместувањето и исхраната не паѓаат на товар на органот на управата; и
- ***5% од утврдената дневница,*** ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на државната управа, а престојот е над 30 дена. Под стручно усовршување се подразбира посета на семинари, курсеви, симпозиуми и други видови средби организиарани во странство на мултилатерална и билатерална основа.

***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА РАБОТНИК***

**во висина од три основици (*3 x 26.363,00)***

***79.089,00 денари***

***Ослободен износ од Данок на личен доход до 79.089,00 ден.***

***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВО***

**во висина од две основици (*2 x 26.363,00 денари)***

***52.726,00 денари***

***Ослободен износ од Данок на личен доход до 52.726,00 ден.***

***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ***

(во висина на основицата)

***26.363,00 денари***

***Ослободен износ од Данок на личен доход до 26.363,00***

***НАДОМЕСТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СОПСТВЕНО ВОЗИЛО ЗА СЛУЖБЕНИ ЦЕЛИ***

(**во висина до 30%** од цената на литар гориво за соодветно возило по поминат километар).

***Ослободено од Данок на личен доход во висина, најмногу до 3.500,00 денари по возило, месечно.***

***НАДОМЕСТ ПРИ СЕЛИДБА НА ВРАБОТЕН ЗА ПОТРЕБИТЕ ЗА РАБОТОДАВАЧОТ***

(во висина на стварни трошоци)

***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%***

***ТРОШОК ЗА ОРГАНИЗИРАНА ИСХРАНА ЗА 2020***

(во висина од **20%** од просечна нето плата, исплатена во претходната 2019 година *(25.213,00 x 20%)*

***5.043,00 денари***

***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход над 5.043,00***

***НАДОМЕСТ ЗА БОЛЕДУВАЊЕ ПОДОЛГО ОД 6 МЕСЕЦИ***

Еднократна парична помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата (***во органот каде што е вработен). Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%***

Просечна исплатена месечна ***БРУТО ПЛАТА*** по вработен во претходните три месеци ***(IV-V-VI/2020 год.) – АВГУСТ/ 2020 година изнесува:***

***39.359,00 денари***

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.20.74 од 20.08.2020).***

### *8.3. Најниска основица за придонеси за САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА во 2020 година*

| |
|---|
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА*** **– вршител на самостојна економска дејност (*таксисти, занаетчии*)** ***19.160,00 денари*** |
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА*** **– вршител на професионална и друга интелектуална дејност (*адвокати, нотари, извршители)*** ***38.319,00 денари*** |
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА*** **– вршител на професионална и друга интелектуална дејност *(адвокати, нотари, извршители)* до истекот на првата година на отпочнување на дејност:** ***19.160,00 денари*** |

### *8.4. НАЈВИСОКА ОСНОВИЦА за придонеси за самовработени лица во 2020 година*

| |
|---|
| ***НАЈВИСОКА МЕСЕЧНА ОСНОВИЦА*** за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице е износот од ***(12) дванаесет просечни плати. (12 x 38.319,00 денари)*** ***459.828,00 денари).*** |

### *8.5. НАЈВИСОК ИЗНОС НА НАДОМЕСТ ЗА БОЛЕДУВАЊЕ што го исплаќа Фондот за здравствено осигурување*

| |
|---|
| Согласно член 17 од Законот за здравствено осигурување (Службен весник на РМ 25/00.....142/16; |

171/17;276/19), највисокиот износ на надоместокот за боледување што се исплаќа на товар на ФЗО во 2019 година, изнесува ***ЧЕТИРИ*** **просечни месечни нето плати исплатени во РМ во претходната 2019 година** ***(4 х 25.213,00 денари).***

***100.852,00 денари***

## *8.6 НАЈВИСОК ИЗНОС НА ПЕНЗИЈА за 2020 ГОДИНАе*

Највисокиот износ на пензија според статистичките податоци на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за 2020 година изнесува:

***49.811,00 денари***

## *8.7.РЕФУНДИРАЊЕ НА СРЕДСТВАТА за уплатени придонеси за ИНВАЛИДНИ ЛИЦА*

Согласно Упатството за начинот на пресметка и исплата на плати и поврат на придонеси од задолжително социјално осигурување за вработени во заштитни друштва, инвалидни лица кога самостојно вршат дејност нкако трговци-поединци и други работодавачи кои имаат вработено инвалидно лице , МТСП врши рефундирање на уплатените средства до висина не поголема од ***2 (две) просечни нето плати исплатени во РМ во претходниот месец***, кој за ***месец ЈУЛИ/2020 година*** изнесува(***2 х 25.830,00 денари)***

***51.660,00 денари .***

## *8.8. МЕСЕЧЕН НАДОМЕСТОК на членови на Органи на управување*

Согласно член 9 став 1 точка 4 од Законот за данок на добивка (Службен весник на РМ 25/00.....142/16; 171/17), **МЕСЕЧНИОТ** надоместок на членовите на органи на управување се исплатува во ***висина од 50%*** од Просечната Бруто плата исплатена во претходната 2019 година во РМ во висина од:

| |
|---|
| ***18.723,00 денари*** |
| ***(50% од 37.446,00 денари)*** |
| ***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%*** |

### *8.9. ТРОШОЦИ ПО ОСНОВ НА УПЛАТЕНИ ДОБРОВОЛНИ ПРИДОНЕСИ во доброволен прнзиски фонд*

| |
|---|
| 1. Трошоците по основ на уплатени доброволни придонеси во доброволен пензиски фонд се утврдуваат во висина од износот од 2 просечни месечни бруто плати исплатени во претходната година на годишно ниво по вработен кои изнесуваат: ***(2 x 37.446,00)*** |
| ***74.892,00 денари*** |

### *8.10. НАДОМЕСТ ОД ПЛАТА ЗА ЈАВЕН СЕКТОР*

Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2020 година ("Службен весник на РМ" 265/19), на буџетските корисници им се исплатуваат следните надоместоци:

| |
|---|
| ***НАДОМЕСТОК ЗА ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО*** (**30%** од просечна Месечна нето плата исплатена во РМ во претходни три месеци**)** ***(30% x 26.363,00)*** ***7.909,00 денари*** ***(Ослободен од Данок на личен доход до 7.909,00 денари*** |
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА РАБОТНИК*** ***30.000,00 денари*** ***Ослободен од Данок на личен доход ДО 30.000,00 денари*** |
| **ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВО** ***15.000,00 денари*** ***Ослободен од Данок на личен доход ДО 15,000,00 денари*** |
| ***ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА*** |

**(за најмалку 10 години работа**

***(Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2020 година НЕ Е ПРОПИШАНА)***

***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА***

***(Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2020 година НЕ СЕ ПРОПИШАНИ)***

***ОТПРЕМНИНАТА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА***

***(двократен износ од просечна месечна нето плата по работник во републиката, објавена до денот на исплатата):***

***52.780,00 денари (2 x 26.867,00)***

***Ослободен од Данок на личен доход до 53.734,00 денареи***

***РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР***

***(Согласно Законот за извршување на БУЏЕТОТ на РМ за 2020 година,НЕ Е ПРОПИШАН).***

***НОВОГОДИШЕН НАДОМЕСТОК***

***(Согласно Законот за извршување на БУЏЕТОТ на РМ за 2020 година, НЕ Е ПРОПИШАН).***

***НАДОМЕСТ ЗА БОЛЕДУВАЊЕ ПОДОЛГО ОД 6 МЕСЕЦИ***

Еднократна парична помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата (***во органот каде што е вработен).***

***(Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%)***

***НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ ЗА СЕЛИДБА*** **за потребите на работодавачот** ***(во висина на стварни направени трошоци).***

***(Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%)***

***НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ ЗА ХРАНА И ПРЕВОЗ ЗА ЛИЦА ВОЛОНТЕРИ*** **за Август/2020**

***(во висина од 15% од просечна месечна бруто плата, исплатена во 2019 година):***

***5.617,00 денари (37.446,00 x 15%)***

***Ослободен од Данок на личен доход до 5.617,00 денари***

***ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА ДРШАВНИТЕ СЛУШБЕНИЦИ* за 2020 година.**

Согласно Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници ("Службен весник на РМ" 276/2019), вредноста на бодот за ***2020 година изнесува***:

***81,60 денари***

### *8.10. Надоместоци на плата за време на БОЛЕДУВАЊЕ ПРИВАТЕН сектор*

Согласно член 31 од Општиот колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ" 150/12; 189/13; 115/14 пт; 119/15; 150/16), работникот има право на ***надомест на плата – боледување*** – *која се исплатува од страна на работодавачот и тоа:*

| Времетраење на боледување | Право на надомест |
|---|---|
| До 15 дена | 70% од основицата |
| Над 15 дена почнувајќи од првиот ден на боледувањето за сите денови | 90% од основицата |
| Над 30 дена кога боледувањето го плаќа работодавачот | 90% од основицата |

***ОСНОВИЦА*** просечен месечен износ на исплатена плата ***на која е платен придонес за здравствено осигурување за последните 12 месеци.***

### *8.11 Надоместоци на плата за време на БОЛЕДУВАЊЕ за ЈАВЕН сектор*

Согласно член 20 од Општиот колективен договор за јавен сектор на Република Македонија, работникот има право на ***надомест на плата – боледување*** – *која се исплатува од страна на работодавачот и тоа:*

| Времетраење на боледување | Право на надомест |
|---|---|

| | |
|---|---|
| **До 7 дена<br>До 15 дена<br>Од 15 до 21 ден** | **70% од основицата<br>80% од основицата<br>90% од основицата** |
| **за професионално заболување и повреда на работа, давање крв и бременост и раѓање** | **100% од основицата** |

***ОСНОВИЦА:П***росечна ***исплатена нето плата на работникот во последните 3 месеци.***

### *8.12 ИСПРАТНИНА ПРИ ТЕХНОЛОШКИ ВИШОК*

1. Согласно член 97 од Законот за работни односи ("Службен весник на РМ" 62/05...27/16; 120/18; 110/19) во случај на откажување на договорот за вработување од деловни причини (*технолошки вишок)* работодавачот е должен на работникот да му исплати ***испратнина*** *во следните случаи:*

| **Години поминати во работен однос** | **Висина на плата** |
|---|---|
| **До 5 години** | **Една плата** |
| **Од 5 до 10 години** | **Две и пол плати** |
| **Од 10 до 15 години** | **Три и пол плати** |
| **Од 15 до 20 години** | **Четири и пол плати** |
| **Од 20 до 25 години** | **Шест плати** |
